УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

# Перцепцијата на студентите на УКИМ за нивно организирање и претставување: состојби, проблеми, потреби, модалитети и решенија

Раководител на истражувањето:
Проф. д-р Елеонора Серафимовска

УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

# Перцепцијата на студентите на УКИМ за нивно организирање и претставување: состојби, проблеми, потреби, модалитети и решенија

Раководител на истражувањето:
Проф. д-р Елеонора Серафимовска

Скопје, 2018

**Издавач:**
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Раководител на проектот:**
Проф. д-р Елеонора Серафимовска

**Автори на монографијата:**
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
Проф. д-р Мирјана Најчевска
Проф. д-р Ганка Цветанова
Проф. д-р Горан Јанев
Проф. д-р Маријана Марковиќ
Проф. д-р Бојана Наумовска

**Дизајн и печат:**
Европа 92 - Кочани

**Тираж:**
100

CIP -

## Предговор

*На почетокот на 2017 година, Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Униветитетот Св.Кирил и Методиј, Скопје започна проект со наслов „Правци на развој во високото образование во Република Македонија", при што, во периодот од јануари до јуни го реализираше првиот дел од проектот- истражувањето посветено на перцепцијата на студентите на УКИМ за нивно организирање и претставување.*

*Истражувањето беше реализирано со финансиска помош од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и го реализираше истражувачкиот тим на ИСППИ во следниот состав: вон. проф. д-р Елеонора Серафимовска (како раководител на проектот), проф. д-р Мирјана Најчевска, проф. д-р Ганка Цветанова, вон. проф. д-р Горан Јанев, вон. проф. д-р Маријана Марковиќ и доц. д-р Бојана Наумовска.*

*Ова истражување насловено како „Перцепцијата на студентите на УКИМ за нивно организирање и претставување: состојби, проблеми, потреби, модалитети и решенија" започна со неколку конкретни цели:*

*√ Согледување на перцепција на студентите на УКИМ за сегашните и можните начини на нивно организирање: кои потреби произлегуваат од сегашните начини и кои би биле конструктивните решенија;*

*√ Согледување на можноста за реална вклученост на студентите во градењето на политиките на УКИМ: дали се работи за формално учество и вклученост, дали се работи за обезбедување на фер и безбедна атмосфера каде што студентите би ги искажале своите потреби, ставови и мислења за одредени теми;*

*√ Испитување на информираноста на студентите за студентската организација, вклученоста во истата, како и чувствата што преовладуваат кај студентите за студентското организирање;*

*√ Испитување на идентитет на студентите на УКИМ: каков идентитет успеваат да градат и дали тој процес е смислено насочен и овозможен;*

*√ Испитување на чувството на заедништво на студентите: чувство кое раѓа позитивни емоции на безбедност да се биде слободен и свој;*

*√ Согледување на демократскиот капацитет на студентите: ако се знае дека само критичка, ненасилна и морално компетентна личност има капцитет да биде демократска тогаш мора да се инвестира во тој процес; Спроведеното истражување овозможи стекнување на реална и сеопфатна слика за студентското организирање, здружување и претставување, а сѐ со цел да се покаже дека наставно-научниот кадар сака и може да обезбеди услови за активно и конструктивно учество на студентите во: креирањето на високообразовната политика, во активностите за подигнување и одржување на високо ниво на квалитетот на наставата,*

*за подобрување на студентскиот стандард, за развивање и задоволување на културните и спортските потреби на студентите, како и за информираност на студентите за тековните и идните активности на самата високообразовна установа.*

*Авторите на текстовите содржани во оваа истражувачка студија се осврнуваат на перцепцијата на студентите на УКИМ за нивното организирање и претставување и тоа во услови на актуелните општествени и политички констелации.*

*Студијата ги содржи следните целини:*

***Вовед**, во кој се дава основата од каде се поаѓа за да се започне со истражувањето и основаната мотивација да се истражува во оваа област;*

***Методолошка рамка на истражувањето**, дел во кој детално се објаснува методолошката основа на истражувањето, истражувачките прашања, примерокот, истражувачкиот инструмент и истражувачката постапка;*

*Дел насловен како „**Перцепција на студентите на УКИМ за нивно организирање и претставување**“, во кој се дава дескриптивна анализа на сите прашања во контекст на информираноста на студентите, нивната вклученост како и нивното задоволство со сите аспекти од студентското организирање;*

*Дел насловен како „**Психолошко-социјални карактеристики, морална мотивација и ставови на студентите при УКИМ за нивното организирање и претставување**, а во тој дел се содржани следните две целини: „**Поврзаноста на димензиите на личноста и партиципативното однесување на студентите во студентската организација на УКИМ**“, во кој се обработуваат цртите на личност за кои се претпоставува дека се поврзани со студентскиот активизам и дел насловен како „**Моралната мотивација и активизмот во студентската организација**“, во кој се обработува мотивот за социјална правда на студентите и неговата поврзаност со ставот на студентите за студентското организирање, и*

*Во последниот дел од оваа студија насловен како **Заклучоци** накратко се сумирани резултатите од истражувањето.*

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................6

Методологија на истражувањето ............................................................9

Перцепција на студентите за студентското организирање:
состојби, учество и влијание ..................................................................15

Психолошко-социјални каракатеристики, морална мотивација
и ставови на студентите при УКИМ ......................................................47

Заклучоци ..............................................................................................77

Литература ............................................................................................85

# Вовед

Во изминатите години, во Република Македонија се случија неколку настани кои поттикнаа голем број на дискусии во врска со актуелните состојби во сферата на студентското организирање.

Главната цел на постоењето на студентските организации е заштитата на правата на нивните членови, но и да се излезе во пресрет на потребите, барањата и интересите на студентите. Во таа смисла, треба да се потенцира дека придобивките од членувањето во студентските организации се повеќекратни и повеќезначајни.

Многубројните истражувања покажуваат дека конкретни придобивки од членувањето во студенстскиет орагнизации би можеле да се сметаат: стекнувањето на конкретни вештини и знаења (комуникациски и организациски), стекнувањето на нови искуства, отварање на нови можности за членување и поврзување со сродни, професионални, но и граѓански асоцијации.

Говорејќи за стекнувањето на нови знаења и вештини на студентите, секако дека треба да се напоменат оние кои во иднина ќе им овозможат ефективна интеракција со другите, односно комуникациски вештини преку кои студентите ќе научат да комуницираат на најдобар можен начин, како со поединци така и со поголеми групи. Во овој контекст треба да се напоменат и следните вештини и знаења како: работење во тим, стекнување самодоверба, развивање на лидерски способности, решавање на конфликти, ефективно водење на состаноци и делегации и запознавање со концептот на социјална правда.

Искуствата ширум светот покажуваат дека преку членувањето во студентски организации, студентите имаат можност да се соочат со различни групи на луѓе, односно луѓе од различна културна, религиска, етничка, па и социјална припадност. Оттука, во дадени ситуации, тие ќе мора да изнајдат различни и иновативни начини за справување со истите.

Сите овие стекнати комуникациски вештини, како и искуството во планирањето на активностите, организирањето и раководењето на групните настани, а особено тимската работа, претставува огромна придобивка во смисла на предност при вработувањето на младите луѓе.

Искуствата, исто така, покажуваат дека членството во студентските организации помага во развојот на критичкото мислење за процесите кои што се случуваат во високообразовните институции во државата, како и пошироко, во општеството. Истото влијае за поттикнување на процесот на идентификацијата со врсничката група, како и поттикнување на мотивацијата да се преземе координирана акција за остварување на сопствените права и потреби.

Улогата на овие студентски организации треба да биде во насока на охрабрување, поттикнување и насочување на студентите во смисла на нивно

учество во активностите за подигнување и одржување на нивото на квалитетот на наставата, подобрувањето на студентскиот стандард, унапредувањето и задоволувањето на културните и спортските потреби на студентите, како и информираноста на студентите за тековните и идните активности на самата високообразовна установа. Преку членството во студентските организации, студентите имаат можност да учествуваат и во креирањето на одредени политики – најчесто во сферата на високото образовните и младинските политики. На овој начин, тие активно се вклучуваат во општествените и во политичките случувања во државата, но и се промовираат во рамноправен партнер при градењето на едно партиципативно, инклузивно и демократско општество.

Оттука, доброто студентско организирање, освен што значи остварување на правата, слободите и потребите на студентите, значи и инвестирање во работоспособна, мотивирана и демократски освестена младина.

Во таа смисла, може да се каже дека една од основните цели но, и должности на Униврезитетот е да обезбеди услови кои ќе овозможат студентските парламенти да прераснат во вистински храмови на демократијата, толеранцијата и чувството на заедништво.

Всушност, одговорност на „возрасните“ е да ги обезбедат условите, а нивна доблест е да умеат од критичната, на моменти „дива“, „непослушна“, но, и полна со позитивна сила младина да црпат идеи за подобро, поквалитетно, подемократско, потолерантно и ненасилно општество.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувачки прашања

Оваа студија имаше за цел да одговори на следните истражувачки прашања:

- ❖ Колку студентите се информирани за студентската организација (информираност за постоењето на разни тела, комисии, законски акти, избрани претставници на организацијата)?
- ❖ Колку студентите се вклучени во активностите на студентската организација (работа на тела/комисии, учество на избори)?
- ❖ Колку студентите се задоволни, односно незадоволни со разните аспекти на работењето на студентската организација?
- ❖ Колку се поврзани димензиите на личноста и партиципативното однесување на студентите во студентската организација на УКИМ?
- ❖ Колку е прифатена социјалната улога: да се биде студент?
- ❖ Колку е развиен мотивот за социјална правда на студентите и како е тој поврзан со ставот на студентите за студентското организирање?

Примерок

За потребите на ова истражување во првата фаза се дизајнираше квотен примерок на студенти од студентската популалција на УКИМ. Квотите на примерокот беа според видот на факултетот и годината на студирање. Во втората фаза примерокот беше пригоден. Овој примерок броеше 669 студенти; според полот 33,2% беа машки, женски 61,4% и 5,4% беа оние кои не одговориле на ова прашање; според етничката припадност 82,8% се изјасниле како Македонци, 4,9% се изјасниле како Албанци, 6,6% како Срби, Турци, Власи или Бошњаци, а 5,5% не се изјасниле во однос на етичката припадност; според факултет, иако беа опфатени сите факултети при УКИМ, најмногубројни беа од Економски и Правен Факултет, а веднаш по нив беа студенти од Филозофскиот, Медицинскиот Факултет и ФИНКИ; и на крај, според годините на студирањето: 48,4% беа студенти запишани на прва година на студии, 21,4% беа запишани во втора година, 20,6% беа запишани на трета, а 9,2% беа запишани во четврта година. Останатите проценти беа 5-та година на студии..

Истражувачки инструмент:

Истражувачкиот инструмент условно содржеше 3 дела: првиот дел содржеше прашања со кои се операционализираа главните истражувачки прашања – прашања за информираноста на студентите за постоењето на одредени тела/

комисии на студентската организација, прашања за вклученоста на студентите во работата на студентската организација и прашања за задоволството на студентите со разните аспекти на студентското организирање; вториот дел од прашалникот содржеше тест на личност (кратка верзија-извадок) со кој се испитуваа 2 од основните 5 димензии на личност за кои се претпоставуваше дека се во релација со студентскиот активизам; третиот дел пак содржеше тест за морална мотивација, поточно извадок од тој тест кој се однесуваше само на еден од четирите морални мотиви, а тоа е мотивот за социјална правда, за кој исто така се претпоставуваше дека е поврзан со проактивноста на студентите во студентската оганизација.

Истражувачка постапка

Во фазата на собирање на податоци се одеше на терен што значеше претходно закажување на тестирањата со конкретите професори и влегување на некој од часовите за да се зададе прашалникот. Тестирањето беше групно и траеше во просек 30 минути.

Потоа следеше фаза на внес и обработка на податоци во СПСС база што подразбираше: дескриптивна анализа на податоците, изготвување кростабулации, тестирање на релијабилноста на психолошките инструменти, пресметување на коефициенти на корелација.

***Правна рамка за студентското организирање***

*Во овој дел ќе биде прикажана законската рамка која претставуваше појдовна точка за ова истражување. Накратко ќе бидат прикажани деловите од* ***Законот за високо образование*** *кои се однесуваат на студентите и нивното организирање и претставување, а во истиот тој след ќе бидат прикажани и статутарните одредби од Статутот на УКИМ. Со цел заокружување на овој дел ќе бидат претставени и делови од Статутот на СПУКИМ. Бидејќи фокусот на оваа публикација претставува перцепцијата на студентите за студентското организирање, во овој дел нема да се навлезе подетално во анализата на недостатоците и недоследностите на правната рамка.*

*Согласно со член 149 од Законот за високо образование, со статусот* ***студент****, а со тоа и член на академската заедница, се стекнуваат сите запишани на прв, втор и трет циклус студии. Како дел од нивните права регулирани со истиот закон се наведуваат правата да избираат и да бидат бирани како претставници на студентите во органите на високообразовните установи, да учествуваат во работата на студентските огранизации и да учествуваат во формите на организирање на студентските организации утврдени со Статутот на Универзитетот.*

*Во однос на учеството на студентите во управувањето, истото е предвидено да се прави преку претставниците кои ги избираат во Студентскиот парламент на ниво на Универзитетот и на ниво на самостојни единици (во случајот на УКИМ, факултети и институти). Во овој дел од Законот е предвидена и можноста учеството во управувањето да биде и преку форми на самоорганизирање, но овој дел е оставен на понатамошна разработка од страна на статутите на високообразовните установи.*

***Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“*** *го предвидува учеството на студентите во сите органи на управување на Универзитетот. На ниво на Универзитет е предвидено 18% од членовите на Универзитетскиот сенат да бидат претставници на студентите избрани од Студентскиот парламент на Универзитетот, во Ректорската управа е предвидено студентите да ги претставува претседателот на Студентскиот парламент на Универзитетот, дел од Универзитетскиот совет е и 1 студент по предлог на Ректорската управа и Студентскиот парламент. Во однос на единките на Универзитетот, како дел од секој Наставно-научен или Научен совет треба минимум 10% од вкупниот број членови да бидат претставници на студентите, а избрани од страна на студентските парламенти на факултетите.*

*Покрај вклученоста на студентите во управувањето, Статутот на УКИМ дава и една генерална слика за поставеноста на Студентскиот парламент на Универзитетот. Согласно со овој документ, Студентскиот парламент е дефиниран како организација во која членуваат* ***претставници на студентите*** *кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози (ваквата дефиниција е исклучително важна кога понатаму ќе бидат наведени критериумите за претседател на СПУКИМ).*

*На ниво на Универзитет Статутот предвидува постоење на претседател на СПУКИМ и Студентски парламент на Универзитетот (или скратено*

*СПУКИМ). Членовите на Студентскиот парламент на Универзитетот се избираат од страна на Студентскиот парламент на секој факултет одделно, со мандат од 2 години (бројот на претставници варира во зависност од бројот на студенти по факултет). За претседателот на СПУКИМ е наведено дека само тој се избира на* ***тајни и непосредни избори*** *со мандат од две години.*

*На ниво на факултети, Статутот само го спменува постоењето на СП на факултетите во членот којшто зборува дека претставници во ова тело се избираат на* ***непосредни, фер и демократски избори*** *(со мандат од 2 години и право на реизбор).*

*Иако е предвиден изборот за претседател на СПУКИМ да биде на тајни и непосредни избори, а за пратениците на СПФ да биде на непосредни, тајни и демократски избори, сепак никаде не е споменат изборниот минимум за овие избори да се сметаат за легални. Дефинирањето на оваа категорија недостига и во одредбите на Статутот на СПУКИМ.*

*Она што исто така се забележува е дека од моменталната структура на СП на УКИМ во Статутот на УКИМ не се споменува постоење на претседателство на СПУКИМ, претседателства на СПФ и претседател на СПФ - овие тела се дефинирани само во Статутот на СПУКИМ.*

*Гледано низ највисокиот акт на СПУКИМ,* ***според Статутот****, СПУКИМ има карактер на невладина организација, односно претставува здружение на граѓани формирано* ***со слободно здружување на студентите*** *со цел застапување на заедничките интереси пред УКИМ, студентскиот интеруниверзитетски парламент и организациите на РМ, јавноста и јавното мислење. На извесен начин ова ја потенцира независноста на здружувањето, меѓутоа, во исто време го става надвор од целокупноста на управувачкото структурирање на Универзитетот (што е поентирано и од страна на дел од студентите во последните барања за промена на Статусот на Студентската организација)*[1].

*Согласно со членот 11 од статутот на СПУКИМ, работата на СПУКИМ е јавна, а јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на СПУКИМ, додека за информирање на членовите и пошироката јавност се користи студентското радио, студентските весници, како и другиот дневен и неделен печат што излегува во РМ.*

*Во Статутот е наведено дека во СП на Универзитетот свои претставници имаат и другите форми на самоорганизирање на студентите, иако овој дел не е доразработен.*

*На ниво на Универзитет, постои претседател, претседателство и парламент. Претседателот, како што е дефинирано и во Статутот на УКИМ, се избира на непосредни и тајни избори, претседателството го предлага претседателот, а го избира парламентот (иако никаде не е наведен точниот број на членови на претседателството), а парламентот е составен од делегирани членови од СП на факултетите.*

*За да се биде* ***претседател на СПУКИМ*** *треба да се исполнат следните критериуми: да биде редовен студент со завршен IV семестар, да биде член најмалку 2 години на СПУКИМ или СПФ, да добие поддршка од најмалку 5 сту-*

[1] http://faktor.mk/studentite-baraat-organizacija-koja-nema-da-bide-dzoistik-na-vlasta

*дентски парламенти на факултети или 1/3 од пратениците на СПУКИМ или 3000 членови на Студентскиот парламент на Универзитетот низ постапка утврдена со правилник (без притоа тука да биде нагласено дека станува збор за потписи на студенти).*

***Претседателството** претставува извршен орган на СПУКИМ и е составено од студенти кои ги предлага претседателот. Голем дел од надлежностите се концентрирани во ова тело. Ова тело одговара пред СП на Универзитетот, и доколку финансискиот извештај на претседателството не биде прифатен од страна на СП, ова тело се разрешува, но не и претседателот кој всушност раководи со него.*

*Истата организациска структура е пресликана и на ниво на факултетите, односно постои претседател на СПФ, претседателство и студентски парламент на факултетот. Во Статутот е наведено дека студентскиот парламент на факултетот е орган на Студентскиот парламент на Универзитетот. За да се биде претседател на СПФ треба да се биде редовен студент со завршен трет семестар.*

*Претседателството на ниво на факултети е составено од претседателот и 6 члена кои ги бира парламентот по предлог на претседателот.*

*СП на факултетите претставува тело во кое членуваат избраните претставници на студентите од секоја година на студии. Ова тело го сочинуваат од 2 до 10 пратеници од секоја година, избрани на непосредни и тајни избори.*

*Статутот предвидува и постоење на комисии и студентски правобранител.*

*Од прикажаното може да се заклучи дека СПУКИМ е единствениот механизам преку кој студентите обезбедуваат учество во управувањето и одлучувањето и на ниво на факултети и на ниво на Универзитетот, но исто така може да се заклучи и дека е единствена призната форма на организирање и делување.*

*И во Статутот на УКИМ и во Статутот на СПУКИМ се избегнува јасното дефинирање на тоа дали сите студенти се дел од оваа организација и ако не се, како се станува дел од неа. Статутот на УКИМ го дефинира Студентскиот парламент како организација во која членуваат претставници на студентите, додека во делот од Статутот на СПУКИМ каде се дефинира кандидирањето за претседател на СПУКИМ, се претпоставува дека сите студенти се членови на Студентскиот парламент. Ваквото дефинирање е од исклучително значење затоа што претставува и еден од критериумите за избор на претседател на СПУКИМ.*

*Како главна забелешка што произлегува од анализата на Статутот на СПУКИМ е тоа што се наведуваат други акти или правилници кои треба да ги доразработат одредените прашања, а притоа не се знае кои се тие, ниту пак истите се достапни на пошироката јавност. Она што исто така треба да се потенцира е дека ниту Статутот на СПУКИМ не е достапен за пошироката јавност - истиот го нема ни на веб-страницата на СПУКИМ. За истражувачкиот тим, составен од 6 професори на УКИМ, не беше достапен ни претседателот на СПУКИМ.*

# Перцепција на студентите за студентското организирање: состојби, учество и влијание

Крајната цел на учеството на студентите во процесите на одлучување преку студентската организација е влијание во донесувањето на одлуките за работите од нивен интерес, односно влијание во процесот на градењето на политиките на Универзитетот.

Учеството и влијанието на студентите во процесите на одлучување за прашањата кои се од нивен интерес претставуваат комплексни активности кои мора да се разгледуваат во рамките на поширокиот однос на заедницата кон партиципацијата и во рамките на формално-правните и фактичките услови за учество, односно остварување на влијание.

Генерално искажаните очекувања и барања за поголемо учество на граѓаните во процесите на одлучување на сите нивоа[2] (како дел од суштината на современиот развој на демократијата) се судираат со процесите на криза во партиципацијата (од пошироки размери)[3], па и таа на младите[4] и специфично на студентите[5].

Во овој контект, не случајно доаѓа до ситуација кога, од една страна, се многу присутни изјавите дека „Во Македонија е крајно време да се слушне гласот на младите“[6], а од друга страна се намалува вербата кај граѓаните (и посебно кај младите) дека навистина можат да влијаат врз процесите на одлучување.[7]

Студентското учество во процесите на одлучување претставува дел од поопштото младинско учество во процесите на одлучување (во истражувањата кои се направени во изминатиот период, најчесто станува збор за луѓето на возраст меѓу 15 и 24 години), младинскиот активизам во Република Македонија и, поконкретно, студентското организирање (како специфичен облик на здружување на младите со цел остварување конкретно влијание во периодот на студирање).[8]

Од една страна, младите луѓе покажуваат видлив интерес за политиката, политичките случувања и општествените ситуации пошироко. На пример, во истражувањето за младите во Република Македонија[9], над 51% испитаници одговориле дека многу или делумно се интересираат за поли-

---

2 Code of Good Practice for Civil Participation in the Decision-Making Process, https://www.coe.int/en/web/ingo/civil-participation.

3 Dr Saurugger, S., (2004), Representative versus participatory democracy? France, europe and civil society.

4 By Bruter,M., (2016), Youth Participation in Democratic Life: Stories of Hope and Disillusion, London school of economics and political science.

5 Boland J., (2010), Student participation in shared governance: A means of advancing democratic values?,JournalTertiary Education and Management, Volume 11, 2005 - Issue 3.

6 http://faktor.mk/mladinski-politiki-zaglaveni-megju--partija--i--politika.

7 http://www.graganskoucestvo.mk/.

8 Анализа на студентско организирање и учество во Македонија (https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/broshura_finalna_verzija_za_pechtat).

9 Доц д-р Марија Топузовска Латковиќ, Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, Доц. д-р Елеонора, Серафимовска Доц. д-р Анета Цекиќ, (2013), СТУДИЈА ЗА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013, Фондација Фридрих Еберт.

тичките настани во Република Македонија и активно се вклучуваат во изборните процеси (вкупно 72% од анкетираните млади во рамките на ова истражување одговориле дека секогаш или неколку пати имаат гласано). Меѓутоа, кога станува збор за влијанието на младите во процесите на одлучување, податоците од ова истражување индицираат на многу мало или никакво влијание во најголем број од одговорите на анкетираните млади луѓе.

Кризата на партиципацијата на студентите во процесите на одлучување во Република Македонија е видлива како во подготвеноста на студентите активно да се вклучат во процесите на одлучување за прашањата од нивен интерес во рамките на Универзитетот/факултетот на кој студираат, така и во подготвеноста за каков било ангажман во формалните студентски здружувања (како тела низ кои би се остварувало ова влијание).

Оваа криза на партиципацијата на студентите во процесите на одлучување мора да се стави во контекст на политичките случувања во Република Македонија во периодот 2015-2017 година. Имено, отсуството на студентите од партиципацијата во институциите и во формално-правното структурирано организирање беше проследено со големо учество на студентите во неформалното делување во рамките на ad hock формирани структури (како што беше Студентскиот пленум кој како движење и со користење на новите дигитални технологии[10] успеа не само да учествува во процесите на одлучување, туку да стане и двигател на клучни промени токму од позиција на спротивставување на формалното здружување). Неформалното здружување на студентите отворено се спротивстави на практиките на дотогашното формално студентско делување и побара потполна реорганизација на истото.[11]

Истражувањето на јавното мислење поврзано со партиципацијата и влијанието на студентите во процесите на одлучување на Универзитетот, направено од страна на ИСППИ во 2017 година, нема за цел идентификување на причините за актуелните состојби и на можните институционални и нормативни бариери (кои влијаат врз подготвеноста на студентите да учествуваат во процесите на одлучување), туку, пред сѐ, отсликување на моменталната состојба и детектирање на евентуалните корелации кои би овозможиле идно анализирање на состојбите и на можните причини за истите.

---

[10] http://respublica.edu.mk/attach/Povrzuvanje-so-gragjanite.pdf

[11] http://standard.mk/studentski-plenum-koi-se-20-te-neligitimni-studentski-parlamenti-na-ukim/

# I Состојби

Истражувањето на јавното мислење насочено на студентската популација од УКИМ пред сè имаше за цел првично запознавање со состојбите поврзани со студентското организирање. Не се добија изненадувачки податоци, но издигнати на ниво на непобитни факти сознанијата се навистина алармантни, од една страна поради незаинтересираност на студентите за каков било облик на активизам и организирање, а од друга страна поради очигледните минимални ефекти од постоечкото студентско организирање. Перцепциите и ставовите на испитаните студенти во ова истражување ја потврдуваат општата слика за летаргичност и недоверба во однос на постоечките облици на студентско организирање, но до некаде и укажуваат за можните причини кои можат да се лоцираат во слабата доверба која студентската организација успеала да ја изгради кај своите конституиенти.

***Досегашни искуства и податоци***

Од исцрпната анализа на функционирањето и работата на студентските парламенти спроведена од Младинскиот образовен форум (МОФ) (Здравковска и Барлаковски, 2016) се наведува долга низа на неправилности во работењето на студентските претставнички тела. Оттаму, не треба да зачудува дека довербата е ниска, до застрашувачки размери. Споменатата студија од МОФ укажува на континуирано и постојано прекршување на правилниците и статутите на организациите, особено при изборите на студентските претставници, нарушување на процедурите и неправилностите во финансиското работење, проследени дури и со судски постапки. Најсимптоматични се настаните од 30.6.2016 год. кога се одржаа последните избори за студентските парламенти кои завршија со интервенција на полицијата во доцните вечерни часови и кои ја згрозија демократската јавност во земјата (Окно.мк 1.7.2016, https://okno.mk/node/56978). МОФ има објавено уште една студија (Алексоски и други, 2014), во која се утврдуваат катастрофалните состојби со студентското организирање во земјава, и конкретно на најголемиот и најстариот универзитет во земјата каде беше спроведено и ова истражување. Лесно воочливо е дека наведените истражувања на перцепциите на студентите во 2012 и 2014 година на генерално ниво комуницираат во согласност со сегашните наоди. Со тоа може да се заклучи дека лошата состојба се провлекува веќе подолг период и неопходно е конечно сериозно разрешување на овој горлив проблем. Подолу следи анализата на податоците до кои дојде истражувачкиот тим на ИСППИ.

### *Запознаеност со можностите за студентско организирање*

Пред сè, студентите се многу слабо запознаени со работата на студентската организација. Само 11,2% од респондентите одговориле дека се добро или одлично запознаени со работата на Студентскиот парламент на УКИМ (СПУКИМ). Од останатите 60,5% воопшто или главно не се запознаени со работата на ова главно тело за студентско претставување, а 27,7% изјавиле дека се делумно запознаени, или делумно незапознаени (Слика 1).




***Слика 1:*** *Запознаеност на студентите со работата на СПУКИМ*

Слични се процентите и за запознаеност на студентите со работата на СП при нивниот факултет (СПФ): 57,1% од испитаните студенти воопшто или главно не се запознаени, 24,7% се делумно запознаени, а 17,5% се добро или одлично запознаени. Само од овие две прашања е очигледно дека работата на претставничката организација на студентите при УКИМ е прилично невидлива токму за студентите.

Понатамошното и малку попродлабочено распрашување уште повеќе ја карактеризира свесноста и улогата на студентските организации како прилично ниска. Следното прашање во анализата се однесува на запознаеност на студентите со основните документи кои ги регулираат нивните права и обвски, како Законот за високо образование (ЗВО) и статутите и правилниците на студентските организации. Константни речиси 75% од респондентите не се запознаени со Статутот на СПУКИМ или СПФ и правилниците за работа на овие организации. Некои 17% се делумно запознаени, а само некои 8% се добро или одлично запознаени со овие документи кои ја регулираат работата на организациите. Во споредба со овие наоди, 43,8% од анкетираните студенти не се запознаени со ЗВО, 31,4% се делумно запознаени, а 23,3% изјавиле дека се добро или одлично запознаени со овој Закон. Зголемениот интерес и познавање на ЗВО наспроти непознавањето на актите кои ја одредуваат и дефинираат работата на претставничките ор-

ганизации може да се толкува како послаб интерес токму за организациите, наспроти потенцираниот интерес за законската регулатива која го детерминира статусот, правата и обврските на студентите.

***Вклученост во студентските организации***

Во однос на вклучувањето на студентите во работата на студентската организација, очекувано се добија сосема негативни резултати. Само 10,3% од анкетираните студенти изјавиле дека некогаш биле вклучени во некои од активностите организирани од СПФ или СПУКИМ, додека 47,2% слушнале за некои активности ама не биле вклучени во нив. Преостанатите 41,3% никогаш дури не слушнале за некои вакви активности. На ова се надоврзува огромниот процент на незнаење за постоењето на одделни комисии, органи на СПФ и СПУКИМ. Само малку подобро е знаењето за постоење на вакви органи на ниво на СПФ - 11%, а во однос на СПУКИМ само 5%. Значи 89% не знаат ништо за вакви комисии и тела на локалната, а дури 95% не знаат за вакви тела при главната студентска организација на Универзитетот. На ова сосема логично се надоврзува нискиот процент на вклученост во работата на кое било тело на студентските организации. Во работата на СПФ учествуваат само 3%, а во работата на кое било тело на СПУКИМ само 1%. Но, поради природата на големината и репрезентативниот карактер на овие тела ваквите мали бројки можеби се и за очекување. Она што не би требало да е за очекување се одговорите на следните прашања во врска со информираноста за работата на студентските претставнички тела.

Повторно се појавува подобра запознаеност и информираност на локалната организација при факултетите (СПФ) отколку онаа на СПУКИМ, што остава можност за констатирање на извесна присутност и видливост на студентските организации, барем на непосредно факултетско ниво. Иако е голем бројот (речиси 81%) на оние до кои не допрел никаков извештај за тековно или финансиско работење на СПФ, сепак барем 18% изјавиле дека добиваат такви информации. Уште поголема нетранспарентност се воочува од податокот дека дури речиси 94% од анкетираните студенти не добиваат никакви информации од СПУКИМ во вид на тековно или финансиско работење, а само 5% изјавиле „да“ како одговор на ова прашање.

***Информирање на студентите за работата на студентските организации***

Следните неколку прашања настојуваат да ја доловат сликата за каналите на информирање и степенот на информираност кај студентите за работата на СПУКИМ. Многу малку испитаници изјавиле дека се информираат по разни канали, и тоа од речиси 6% до речиси 37% зависно од каналот, додека најголемиот број на студенти или не е информиран (од 28,4% до

42,5% зависно од каналот), па дури не ни знае дека постојат овие канали на комуникација (од 27,2% до 40,8% за различни канали). Во соодност со овие проценти на слаба информираност е и уверeноста на некои од респондентите (од 2,5% до 9,6% за различни канали) дека вакви канали воопшто и не постојат. Следи табелата (Табела 1) за секој од комуникациските канали за информирање кои СПУКИМ ги има на располагање, и на кои е обврзан според својот Статут да ги активира и употребува и изјавите на анкетираните студенти за тоа кои колку го користат.

Најкористена е веб-страницата на СПУКИМ која ја користат 36,8% од испитаниците за информирање за неговата работа. Но огромен е и бројот на преостанатите над 60%, односно оние кои не ја користат или не знаат за нејзиното постоење. Како и за повеќето прашања поврзани со вака јасно изразените негативни и слаби страни на работењето на СПУКИМ, може да се констатира дека има голема незаинтересираност од една страна, но и очигледна незаинтересираност од страна на СПУКИМ за посоодветно комуницирање со своето членство и воопшто за секој аспект од нивното работење. На јавни трибини за работата на СПУКИМ се информирале 15,2% од анкетираните студенти, а преостанатите: 42,5% не се информирале преку овој начин, 30% ниту знаат дали постои такво нешто, а 4,3% се убедени дека такво нешто не постои. За постоењето на студентското радио и студентскиот весник 9,6% односно 8,1 се убедени дека не ни постојат, 40,8% и 38,6% не знаат дали постојат, 36,9% и 40,8% не ги користат, односно слушаат или читаат, додека 6,7% слушаат, а 5,8% читаат.

***Табела 1.*** *Проценти на одговори на прашањето „Преку кои средства за информирање добивате информации за работата на СПУКИМ?“*

| Добивам информации преку: | 1. Да | 2. Не | 3. Не знам дали постои | 4. Знам дека не постои | Нема одговор |
|---|---|---|---|---|---|
| **Студентско радио** | 6,7% | 36,9% | 40,8% | 9,6% | 6,0 |
| **Студентски весник** | 5,8% | 40,8% | 38,6% | 8,1% | 6,7 |
| **Јавни трибини** | 15,2% | 42,5% | 30,0% | 4,3% | 7,9 |
| **Веб-страница на СПУКИМ** | 36,8% | 28,4% | 27,2% | 2,5% | 5,1 |
| **Друг начин, напишете кој** | 5,5% | 16,3% | 9,3% | 1,6% | 67,3 |

На оваа лоша состојба со користењето на расположливите комуникациски канали се надоврзуваат наодите од следното прашање. Само 5,8% од анкетираните студенти изјавиле дека веќе се добро информирани за работа-

та на студентските претставници. Дури 79,7% изјавиле дека би сакале да се подобро информирани, а 13,3% дека воопшто не ги интересира вакво нешто (подобра информираност). Недвосмисленото изразување на незадоволство од начинот и квалитетот на информациите кои ги добиваат студентите упатува на сериозен проблем за општото функционирање на СПУКИМ.

### *Задоволство од работата на студентските организации*

Одговорите на директното и недвосмислено прашање за тоа колку се задоволни од работата на СПФ се со умерена доза на задоволство од севкупната анкетирана популација. Само 4,8% од испитаниците се потполно задоволни со работата на СПФ, 13,8% се задоволни, додека најголемата група е на оние кои се делумно задоволни/незадоволни - со дури 37,5%. Голем е процентот на незадоволни студенти со работата на СПФ, и тоа 35,6%, при што 23,3% не се задоволни, а воопшто незадоволни се 1,3% од респондентите. Оние кои не дале никаков одговор на ова прашање се 56 вкупно или 8,4%, што е процент кој вреди да се спомене. Малку послабо е задоволството од работењето на СПУКИМ кое е изразено со позитива кај 15,7% од испитаниците, од кои само 2,5% се потполно задоволни, а 13,2% се задоволни. Повторно е најголема онаа неутрална категорија на делумно задоволни/незадоволни - 37,5% од испитаниците, а незадоволството е изразено од 38,8% од анкетираните, и тоа 22,4% се незадоволни и 16,4% воопшто не се задоволни (Табела 2). Исто како и на претходното прашање, 53 респонденти го прескокнале ова прашање, или во проценти не така занемарливи 7,9%.

***Табела 2.*** *Фреквенција и проценти на одговори на прашањето „Колку сте задоволни од работата на СПУКИМ?”*

| | **Фреквенција на одговори** | **Валиден процент** |
|---|---|---|
| **Воопшто не сум задоволен** | 110 | 16,4 |
| **Не сум задоволен** | 150 | 22,4 |
| **Делумно сум/делумно не сум задоволен** | 251 | 37,5 |
| **Задоволен сум** | 88 | 13,2 |
| **Потполно сум задоволен** | 17 | 2,5 |
| **Без одговор** | 53 | 7,9 |

Вака јасно изразеното слабо задоволство, односно незадоволство од работата на СПФ и СПУКИМ е дотолку појасен сигнал дека нешто навистина не е во ред со начинот на работење и функционирање на студентските организации при УКИМ. Незаинтересираноста, неинформираноста и незадоволството јасно превладуваат кај испитаните студенти опфатени со ова истражување. Недвојбено се истакнува потребата за некакви поголеми

и покрупни промени во начинот на функционирањето и информирањето на студентите за работата на нивните претставнички тела. Во понатамошниот дел на истражувачкиот извештај, кој се однесува на гласањето, познавањето на претставниците и раководителите на студентската организација, како и перцепцијата на испитаните студенти за можното и потребното влијание на СПФ и СПУКИМ, уште појасно ќе се воочат погорните констатации за незадоволителните резултати од работата на студентските претставници и организација.

## II Учество

### *Гласање за студентски претставници*

Следи сет прашања чијашто цел беше да дознаат колку студентите учествувале во процесот на гласање за нивни претставници во Студентскиот парламент на нивниот факултет (за претседател и членови), како и за претседател на Студентскиот парламент на ниво на УКИМ. Според податоците, за претставници на СПФ од вкупниот број на испитуваната популација гласале само 9%. За останатите 91% од испитанцитите беше поставено дополнително прашање со кое требаше да се утврдат причините за нивното негласање. Како што може да се види и од табелата што следува, доколку се тргнат настрана испитаниците кои во моментот на изборите не биле студенти, како доминантна причина за неизлезноста на изборите е неинформираноста, односно незнаењето дека воопшто се одржуваат избори. Како што исто така може да се види од одговорите, желба за гласање постои помеѓу студентите, односно дури 33,3% одговориле дека “да знаеле кога е гласањето, ќе гласале“ и дополнителни 25,3% одговориле “не сум бил студент кога имало гласање, инаку ќе гласав“.

***Табела 3.*** *Причини за негласање за претставници во СПФ*

| Причини за негласање за претставници во СПФ | Проценти на испитаници |
|---|---|
| **Не сум бил студент/ка кога имало гласање, инаку ќе гласав** | 25,3% |
| **И да бев студент/ка тогаш кога имало гласање, немаше да гласам** | 2,8% |
| **Не сакав да гласам, зашто нема ништо да променам** | 6,0% |
| **Сакав да гласам, ама знам дека ништо нема да променам** | 2,8% |
| **Не знаев дека има гласање, ама и да знаев немаше да гласам** | 12,0% |
| **Да знаев кога е гласањето, ќе гласав** | 33,3% |
| **Не гласав од други причини** | 6,3% |

Следните две прашања се однесуваат за гласањето за претседател на СПФ, како и за причините за негласање за истиот. Во однос на гласањето за претседател, само 6,7% од анкетираните студенти одговориле дека гласале. За останатите, главна причина за нивното негласање повторно останува неинформираноста. Од податоците дадени во табелата што следи, може да се види дека над 46% од студентите не знаеле дека се спроведува гласање за претседател на СПФ, речиси 27% не биле студенти кога имало гласање, 7,3% не гласале затоа што сметаат дека со тоа нема ништо да променат и над 6% не гласале од други причини.

***Табела 4.*** *Причини за негласање за претседател на СПФ*

| **Причини за негласање за претседател на СПФ** | **Проценти на испитаници** |
|---|---|
| **Не сум бил студент/ка кога имало гласање, инаку ќе гласав** | 26,8% |
| **И да бев студент/ка тогаш кога имало гласање, немаше да гласам** | 2,4% |
| **Не сакав да гласам, зашто нема ништо да променам** | 4,8% |
| **Сакав да гласам, ама знам дека ништо нема да променам** | 2,5% |
| **Не знаев дека има гласање, ама и да знаев немаше да гласам** | 10,3% |
| **Да знаев кога е гласањето, ќе гласав** | 36,0% |
| **Не гласав од други причини** | 6,1% |

Во однос на вкрстувањето на овие податоците со факултетот и годината на студирање, може да се каже дека најтранспарентен бил процесот на гласање на Земјоделскиот факултет, каде, и покрај тоа што од сите опфатени студенти од овој факултет 30% се студенти на прва година (што значи дека не биле студенти кога бил процесот на гласање), излегле да гласаат 48% од вкупниот број испитаници. Повисок процент на излезност се забележува и кај Факултетот за фармација, каде излезноста е 17%, а присуството на студенти од прва година во примерокот е 44%.

Исто така студентите беа прашани дали гласале и за претседател на СП на УКИМ. Според податоците, само 6% од испитаниците учествувале во овој процес. И во однос на ова гласање, сликата за причините за негласање останува иста, односно доминира одговорот дека студентите не биле информирани (односно не знаеле) за самите избори. Кога прашањата за гласање за претседател на СПФ и претседател на СП на УКИМ ќе се вкрстат, се добива податок дека од студентите кои гласале за претседател на СПФ - 63%

гласале и за претседател на СПУКИМ, а од тие кои гласале за претседател на СПУКИМ - 67,5% гласале и за претедател на СПФ. Додека од тие кои не гласале за претседател на СПФ, само 2% гласале за претседател на СПУКИМ, а од тие кои не гласале за претседател на СПУКИМ, само 3% гласале за претседател на СПФ. Од ова произлегува дека масата на студенти која не гласала е прилично хомогена - не гласа во принцип, како што е и масата на студенти која гласала за претседател и на ниво на факултет и на ниво на Универзитет ($\chi2=256,6$, $p<0,01$).

Во однос на оваа група прашања, генералниот впечаток е дека многу мал број од студентите учествува во изборот на свои претставници, а како главна причина за негласањето се издвојува нивната неинформираност за процесот. Само по себе овие сознанија можат да укажуваат и на нетранспарентност на самиот процес.

## *Легитимитет*

Во однос на давањето легитимитет на претставниците на студентите, испитаниците беа прашани и кој е според нив минималниот процент на излезност од вкупниот број на студенти за да избраните претставници се сметаат за легитимно избрани. Според општата дистрибуција на одговори може да се види дека 62% од студентите сметаат дека излезноста за легитимни избори треба да биде над 50%.

***Табела 5.*** *Минимална излезност за легитимни избори на студентски претставници*

| Колкав би требало да биде минимум процентот на излезност од вкупниот број на студенти за да бидат легитимни изборите за Вашите претставници во СПФ/СПУКИМ? | Процент на испитаници |
|---|---|
| **Над 20% од вкупниот број на студенти** | 4% |
| **Над 30% од вкупниот број на студенти** | 9% |
| **Над 40% од вкупниот број на студенти** | 15% |
| **Над 50% од вкупниот број на студенти** | 62% |
| **Не треба да има минимум** | 10% |

Во однос на независната варијабла пол, се покажува статистички значајна разлика меѓу машките и женските испитаници ($\chi2=11,9$, $p<0,05$), односно податоците покажуваат дека женските испитаници во поголем степен (со 65%) од машките испитаници (со 55%) сметаат дека за еден изборен процес да биде легитимен, потребна е излезност со над 50%.

## *Познавање на студентските претставници*

Во продолжение следи сет прашања кои се однесуваат на тоа колку студентите ги познаваат нивните претставници на ниво на СПФ, Наставно-научен совет на факултетот и претседателот на СП на УКИМ. На прашањето *„Дали знаете кои се членовите на Студентскиот парламент на Вашиот факултет (по име и/или презиме или лик)?“* – 29,1% од студентите одговориле позитивно, додека 69,4% одговориле негативно (останатите не дале никаков одговор). Кога одговорите на ова прашање ќе се разгледуваат во контекст на факултетите од кои студентите доаѓаат, се доби следната табела со податоци.

***Табела 6.*** *Процент на студенти кои ги познаваат своите претставници во СПФ (Факултети)*

| **Факултет** | **Процент на студенти кои ги познаваат своите претставници во СПФ** |
|---|---|
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | 91% |
| **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** | 44% |
| **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство ФИНКИ** | 65,5% |
| **Медицински факултет** | 77% |
| **Стоматолошки факултет** | 54% |
| **Фармацевтски факултет** | 56,5% |
| **Природно-математички факултет ПМФ** | 4% |
| **Економски факултет** | 22% |
| **Правен факултет „Јустинијан Први“** | 14% |
| **Филозофски факултет** | 12% |
| **Филолошки факултет „Блаже Конески“** | 6% |
| **Педагошки факултет** | 25% |
| **Факултет за музичка уметност** | 9% |
| **Архитектонски факултет** | 0% |
| **Факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер** | 18% |
| **Градежен факултет** | 7% |
| **Факултет за електротехника и информациски технологии** | 30% |

Од табелата може да се види дека состојбата е различна на сите факултети, при што највисок е процентот на студенти кои ги познаваат своите претставници во СПФ на Земјоделскиот факултет, Медицинскиот факултет и ФИНКИ, додека, пак, од другата страна се наоѓаат студентите од Архитектонскиот факултет, Природно-математичкиот факултет и Филолошкиот, кои во многу мал процент ги познаваат своите претставници. Интересен податок се доби кога ова прашање се вкрсти со независната варијабла: година на студии, од каде произлезе податокот дека претставниците во СПФ најмногу ги познаваат студентите од втора и трета година на студии (со 52% односно 49%), а најмалку ги познаваат студентите од прва и четврта година (со 78% односно 77%).

Исто така, ова прашање беше вкрстено со прашањето *"дали сте гласале за претставник во СПФ"*, а податоците се дадени во Табела бр.7. Од табелата може да се види дека 65% од студентите кои гласале на изборите ги познаваат тие за кои се однесувале изборите, додека 35% од тие студенти кои исто така гласале не ги познаваат своите претставници во СПФ. Процентот за одговорот „не ги познавам", сосема очекувано е повисок помеѓу студентите кои не гласале на тие избори.

***Табела 7.*** *Гласање и познавање на претставници на СПФ*

| Дали сте гласале за претставници во Студентскиот парламент на факултетот? | Дали знаете кои се членовите на Студентскиот парламент на Вашиот факултет (по име и/или презиме или лик)? | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Да | 65% | 35% |
| Не | 26% | 74% |

Речиси идентична слика се добива и во однос на одговорите на прашањето *„Дали знаете кој е претседател на Студентскиот парламент на факултетот (по име презиме или лик)?"*, односно и за ова прашање околу 30% од студентите одговориле позитивно, како и во однос на претходното прашање. Кога последните две прашања ќе се вкрстат меѓусебно (дали го знаат претседателот на СПФ и претставниците во СПФ), се добива податок дека 73% од студентите кои го познаваат претседателот, ги познаваат и претставниците, или поинаку - 88% од студентите кои ги познаваат претставниците, го познаваат и претседателот, со што се докажува дека оние студенти кои ги знаат претставниците во СПФ - го знаат и претседателот на СПФ, а оние кои се помалку информирани – не ги знаат ниту претставниците во СПФ ниту претседателот на СПФ.

Кога ова прашање за познавањето на претседателот на Студентскиот парламент на факултетот ќе се разгледува во контекст на прашањето кое се однесуваше за гласањето за претседател на СПФ, се добиваат следните податоци ($\chi2=41,6$ $p<0,01$).

***Табела 8.*** *Гласање и познавање на претседателот на СПФ*

| Дали сте гласале за претседател на Студентскиот парламент на факултетот? | Дали знаете кој е претседател на Студентскиот парламент на Вашиот факултет (по име и/или презиме или лик)? | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Да | 73,3% | 26,7% |
| Не | 27,4% | 72,6% |

Од табелата може да се види дека и од тие студенти што гласале за претседател на СПФ, 27% не знаат кој им е претседател.

Во однос на следното прашање *„Дали знаете кои се Вашите претставници во Наставно-научниот совет на факултетот (по име и/или презиме или лик)?“*, само 20,2% од испитаниците одговориле позитивно. Во однос на независната варијабла година на студии се покажува дека 14,8% од студентите од прва година, 30,6% од студентите од втора, 31,5% од студентите од трета година и само 3,7% од студентите од четврта година ги познаваат своите претставници во ННС. Трендот на намалена заинтересираност кај студентите од четврта година ($\chi2=26,1$, $p<0,01$), може да се види и од претходно презентираните податоци.

На крајот од овој сет прашања, испитаниците беа прашани дали знаат кој е претседател на СПУКИМ. На ова прашање позитивно одговорија само 18,2% од студентите. И ова прашање кога ќе се вкрсти со прашањето кое се однесуваше за гласањето за претседател на СПУКИМ, се добива истата слика, односно 27,5% од студентите кои гласале не знаат кој е претседател, а од тие кои не гласале на студентските избори само 15% знаат кој е претседател ($\chi2=81,9$, $p<0,01$).

## ***Покренување на иницијативи***

Следните две прашања имаа цел да покажат колку студентите се активни, односно се запознаени со иницијативи кои директно ги тангираат. Првото прашање се однесува за проблеми и прашања за кои студентите се обратиле до своите официјални претставници, а второто за иницијативи и предлози кои се покренати од страна на официјалните претставници и тела. Според општата дистрибуција на одговори за прашањето *„Дали некогаш Вие сте им се обратиле, или знаете за некој друг дека им се обратил, на претставниците на СПФ или СПУКИМ во врска со некој проблем или прашање од интерес на студентите?“* – 31,5% од испитаниците одговориле позитивно, додека 67,3% не знаат за вакви случаи (останатите не дале никаков одговор). Гледано по факултети, до претставниците на СПФ и СПУКИМ повеќе проблеми и прашања од интерес за студентите биле поставени/

или повеќе знаат дека имало студентите од: Земјоделскиот (со 56,5%), Факултетот за дизајн и мебел (со 41%), Електротехничкиот (со 33%), ФИНКИ (со 78%), Медицинскиот факултет (со 62%), Стоматолошкиот (со 36%) и Факултетот за фармација (со 56,5%). Студентите од останатите факултети во значително помал процент им се обраќаат директно (или знаат за некој кој им се обраќа) на претставниците на СПФ или СПУКИМ во врска со некој проблем или прашање од нивен интерес.

Во однос на второто прашање *„Дали сте запознаени за некоја иницијатива или предлог поднесени од страна на СПФ или СПУКИМ?“* - само 12,7% од анкетираните студенти одговориле позитивно. Во однос на независната варијабла - факултет од кој студентите доаѓаат, повторно се забележуваат големи разлики.

***Табела 9.*** *Процент на студенти кои се запознаени со некоја иницијатива или предлог поднесени од страна на СПФ или СПУКИМ (по факултети)*

| **Факултет** | **Процент на студенти кои се запознаени со некоја иницијатива или предлог поднесени од страна на СПФ или СПУКИМ** |
|---|---|
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | 32% |
| **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** | 6% |
| **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство ФИНКИ** | 30% |
| **Медицински факултет** | 38% |
| **Стоматолошки факултет** | 29% |
| **Фармацевтски факултет** | 26% |
| **Природно-математички факултет ПМФ** | 6% |
| **Економски факултет** | 7% |
| **Правен факултет „Јустинијан Први“** | 4% |
| **Филозофски факултет** | 3% |
| **Филолошки факултет „Блаже Конески“** | 3% |
| **Педагошки факултет** | 0% |
| **Факултет за музичка уметност** | 0% |
| **Архитектонски факултет** | 5% |
| **Факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер** | 6% |
| **Градежен факултет** | 7% |
| **Факултет за електротехника и информациски технологии** | 25% |

Од табелата може да се види дека со вакви иницијативи најмногу се запознаени студентите од Медицинскиот факултет, Земјоделскиот факултет, ФИНКИ, Електротехничкиот, Стоматолошкиот и Факултетот за фармација.

Како што може да се види од одговорите на овие две прашања, најголема запознаеност, но и активност од студентите кон нивните претставници (преку покренување прашања или проблеми) се гледа кај студентите од ФИНКИ, Медицинскиот, Стоматолошкиот и Земјоделскиот факултет.

### *Студентски правобранител*

Кога се зборува за проблеми, прашања и иницијативи кои се од интерес на студентите, како дел од овој процес кој има за цел заштита на правата на студентите и нивниот интерес, претставува и студентскиот правобранител кој со својата функција и надлежности, како и самиот начин на избор е вметнат и во Статутот на Универзитетот и Статутот на СПУКИМ. Па како дел од оваа логичка целина, следните две прашања се однесуваат на студентскиот правобранител, односно колку студентите го познаваат и колку се задоволни од неговата работа. Од општата дистрибуција на одговори во однос на прашањето колку го познаваат (по име и/или презиме или лик), само 10,2% од студентите одговориле позитивно. Процентот на студенти кои го познаваат студентскиот правобранител е повисок на Земјоделскиот факултет, Правниот факултет, ДИФ, Факултетот за дизајн на мебел, Електротехничкиот и Медицинскиот факултет.

Во однос на второто прашање кое имаше за цел да го оцени задоволството на студентите од работата на студентскиот правобранител, најголем дел од испитаниците, поточно 46,3% од студентите одговориле или дека не се задоволни или дека воопшто не се задоволни од неговата работа; делумно не се/делумно се задоволни 41,4% од студентите, а само мал процент, или само 12,3% од истите се или задоволни или потполно задоволни. На ова прашање не одговориле 18,1% од анкетираните. Многу интересен е податокот дека повеќе се задоволни од работата на студентскиот правобранител студентите кои гласаат на изборите за кои претходно стана збор. Или поконкретно, од студентите кои гласале за претседател на СПФ - 30,5% се задоволни или потполно задоволни, додека од студентите кои не гласале за претседател на СПФ - само 10,9% се задоволни или потполно задоволни ($\chi$ 2=18,9; $p<0,01$).

* * *

Во однос на групата прашања кои се однесуваат на гласањето на студентските избори, генералниот впечаток е дека многу мал број од студентите учествувале во изборот на свои претставници, а како главна причина за негласањето се издвојува нивната неинформираност за процесот. Само по

себе овие сознанија можат да укажуваат и на нетранспарентност на самиот процес.

Повеќе од 60% од студентите сметаат дека излезноста на студентските избори треба да биде над 50% за да се сметаат избраните претставници за легитимни.

Во однос на познавањето на нивните претставници на ниво на факултет и Универзитет, околу 30% од испитаниците одговориле дека ги познаваат истите. Своите претставници повеќе ги познаваат студентите од втора и трета година за разлика од останатите студенти. Она што исто така може да се заклучи за овој сет прашања е тоа дека од 27% до 35% од студентите кои гласале не ги познаваат претставниците на студентите кои биле изгласани на конкретните избори за кои излегле на гласање.

Според одговорите на прашањата кои имаа цел да покажат колку студентите се активни, односно се запознаени со иницијативи кои директно ги тангираат, 32% од студентите знаат или лично им се обратиле на претставниците на СПФ и СПУКИМ за некој проблем или прашање од нивен интерес, а за ваков тип на иницијативи покренати од страна на СПФ и СПУКИМ знаат само 13% од респондентите. Како што може да се види од одговорите на овие две прашања, најголема активност од студентите кон нивните претставници (преку покренување прашања или проблеми) се гледа кај студентите од ФИНКИ, Медицинскиот, Стоматолошкиот и Земјоделскиот факултет, но и поголема активност на Студентскиот парламент на факултетот и СПУКИМ се бележи на истите факултети.

Според податоците од истражувањето, само 10% од студентите го познаваат студентскиот правобранител и само 12% се задоволни од неговата работа.

## III Влијание

Во рамките на испитувањето на јавното мислење се направи обид да се дознае перцепцијата на студентите за тоа какво е нивното влијание во работењето на студентската организација, какво влијание има самата студентска организација врз процесите на одлучување во рамките на Универзитетот и кои се според нив пречките за остварување на поголемо влијание, односно што ги оневозможува/попречува студентите според нивно мислење да го имаат влијанието кое сакаат да го имаат врз работите од нивен интерес на факултетите и Универзитетот.

## 1. *Влијание на Студентскиот парламент*

Според Статутот на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“,[12] Студентскиот парламент е здружение на студентите формирано со цел застапување на нивните заеднички интереси пред Универзитетот, пред јавноста и органите на Република Македонија. Меѓу основните надлежности на Студентскиот парламент (според Статутот) се: претставување на студентите, заштита и остварување на студентските права, како и учество во управувањето на Универзитетот.

И покрај вака широко дефинираните надлежности на Студентскиот парламент, според добиените податоци во истражувањето, студентите не го перципираат како тело кое има некое позначајно влијание на Универзитетот. Според добиените податоци, само 3,6% мислат дека Студентскиот парламент има огромно влијание. Најголем број од студентите (41,5%) мислат дека СП нема (или главно нема) влијание, додека значаен дел (21,4%) дека има делумно влијание.




***Слика 2.*** *Перцепција на студентите за влијанието на СПУКИМ во однос на заштитата и промоцијата на студентските интереси*

Кога ова прашање ќе се вкрсти со прашањето “дали гласале за претседател на СПУКИМ“, се добива дека 26,5% од тие студенти кои гласале сметаат дека СПУКИМ има огромно влијание, додека само 2,6% од студентите кои не гласале го сметаат истото ($\chi$ 2=50,4; $p<0,01$).

Интересно е да се погледне на овој податок низ призмата на пошироките сознанија за вклученоста на младите во градењето на младинските политики и во процесите на одлучување. Според резултатите од анализата на

[12] Официјална страница на СПУКМ: http://spukm.org/?page_id=44/#cetiri.

младинското организирање во Македонија,[13] нискиот степен на вклученост на младите во одлучувањето за прашањата кои се од нивен интерес се должи во голема мера на отсуството на соодветна институција низ која и во рамките на која младите ќе го остварат ова влијание. Еден од заклучоците во ова истражување се однесува токму на студентското организирање, кое е оценето како проблематично, односно „степенот на отвореност за членови и претставничкиот карактер на организациите е дебатлив, а изборите за претседатели имаат ниска излезност, без цензус и често се распишуваат задоцнето". Во Македонија постои Национална студентска унија формирана во 1994 год., но достапни се многу малку информации за нејзините активности, кои не се забележани во голем број во последниве години.

Тоа значи дека и покрај формалното постоење на институција која има надлежност токму во областа на управување и заштита на правата на студентите, самите студенти не мислат дека таа институција фактички ја остварува улогата заради која е формирана.

Паѓа во очи дека перцепцијата на студентите за влијанието на Студентскиот парламент не е поврзана со нивната вклученост во работењето на ова тело, или, пак, со фактот дали студентот воопшто слушнал за постоењето на ова тело или не. Овој податок, земен сам за себе, може да биде протолкуван како индикатор на незаинтересираноста на студентите за работењето на Студентскиот парламент, односно за остварување влијание врз процесите на одлучување за прашањата од сопствен интерес на Универзитетот, меѓутоа размислувањата на студентите за потребните и можни промени кои би овозможиле остварување поголемо влијание не го потврдуваат ова толкување.

### *Потребни промени за поголемо влијание*

Еден од показателите дека студентите не се рамнодушни кон процесите на одлучување и нивното влијание во овие процеси е и нивниот став за промените кои би требало да бидат направени со цел зголемување на влијанието коешто го имаат.

Според добиените податоци во рамките на истражувањето на јавното мислење, за да се подобри влијанието на студентите во процесите на одлучување, студентите мислат дека треба да бидат направени промени во начинот на избор на студентските претставници, во процедурите за учество во телата на Универзитетот, во дефинирањето на областите во кои можат да учествуваат студентите во статутите на УКИМ и СПУКИМ, во начинот на организирање на студентите, во обврската на факултетите и УКИМ за поведување постапка врз основа на барање на студентите (собирање потписи, петиција, иницијатива и сл.).

---

[13] Иван Јованов И., Давидовска И., Костуранова Д., (2012), Младинското организирање во Македонија, Национален младински совет на Македонија.

Имено, 72,3% од анкетираните студенти мислат дека доколку бидат направени промени во начинот на организирање на студентите, тоа може да доведе до промени во влијанието на Студентскиот парламент (наспроти 11,7 % кои мислат дека ваквите промени нема да доведат до промена на влијанието). Помал број од студентите мислат дека промените во начинот на изборот на студентските претставници (61,8%) и процедурите на учество во телата на Универзитетот (54,3%) ќе доведат до промена во влијанието на Студентскиот парламент.




***Слика 3.*** *Проценти на одговори за видовите промени кои би го подобриле влијанието на студентите во процесите на одлучување*

Најголем дел од анкетираните студенти (над 71%) мислат дека на студентите треба да им биде дадена законска можност за влијание надвор од формалното студентско организирање, преку можност за покренување иницијативи, петиции, барања. Овој податок уште еднаш го потврдува ставот дека студентите се заинтересирани за покренување прашања од нивен интерес, меѓутоа не ја гледаат актуелната институционална рамка како доволна или соодветна за ваков вид на делување.

### *Перцепција за нивото на учество на студентите во процесот на донесување одлуки на факултетите и/или во рамките на Универзитетот*

Студентите не мислат дека учествуваат во процесите на донесување одлуки на факултетите и во рамките на Универзитетот. Над 60% од анкетираните мислат дека не учествуваат воопшто или, пак, за мал број прашања.

Паѓа во очи податокот дека поголем број од студентите кои не се вклучени во активностите на студентската организација имаат впечаток дека студентите имаат големо, односно значајно влијание врз процесите на одлучување, односно студентите кои не само што не се вклучени во процесите на одлучување, туку и немаат познавање за формалните процедури и начини на кои ова влијание може да биде направено, мислат дека влијанието на студентите не е само доволно, туку е и големо и во однос на голем број прашања.

***Табела 10.*** *Кростабулации помеѓу вклученоста во активностите на студентската организација и перцепцијата за мерата на вклученост на студентите во процесите на одлучување*

| **Студентите учествуваат во процесот на донесување одлуки на факултетите и/или во рамките на Универзитетот** | **Вклученост во активностите на студентската организација** | | |
|---|---|---|---|
| | *Вклучени* | *Слушнале, но не биле вклучени* | *Никогаш не слушнале* |
| *За сите прашања рамноправно со наставниот кадар* | *13,0%* | *39,1%* | *47,8%* |
| *За голем број прашања* | *23,5%* | *48,1%* | *28,4%* |

Овој податок го обесмислува вреднувањето на влијанието на студентите врз процесите на одлучување, индицира потполна незаинтересираност за овие процеси кај дел од студентите и укажува на отсуство на елементарно знаење за тоа што може да се направи и како и кои можат да бидат бенефициите од активното влијание на студентите.

Од податоците може да се извлече заклучок дека колку помалку знаат за студентското организирање и за фактичката состојба, толку е повисоко вреднувањето на неговата улога и место во процесите на одлучување и управување. Имено, поголем број од студентите од прва и втора година на студиите мислат дека студентите учествуваат во одлучувањето, за разлика од студентите од подоцнежните години кои не го делат истиот впечаток, односно многу поголем број од студентите од подоцнежните години на студирање мислат дека студентите воопшто не учествуваат во процесите на одлучување отколку оние на првите години од студирањето.




***Слика 4.*** *Проценти на одговори за учество на студентите во процесот на донесување одлуки според година на студирање*

На прашањето: кои се трите најприоритетни области од академскиот живот во кои студентите треба да бидат вклучени во процесите на одлучување, студентите како најприоритетни ги издвојуваат изведувањето на наставата, условите за студирање и изведувањето на испитите. Сите три области се тесно поврзани со квалитетот на студирањето и со знаењето со кое студентите излегуваат од факултетите, односно од Универзитетот.

Учеството на студентите во одлучувањето за овие прашања претпоставува не само нивна добра организираност и подготвеност, туку и соодветни знаења кои би им овозможиле соодветно влијание, како и процедури воспоставени од страна на факултетите и Универзитетот кои гарантираат влијание на студентите.

### *Од што зависи учеството на студентите во одлучувањето?*

Најголем број (44,3%) од анкетираните студенти (независно од полот или, пак, годината на студирање) учеството на студентите во одлучувањето за прашања важни за студентскиот живот го поврзуваат со личната мотивација. Многу помал, иако значаен процент (19%), учеството во одлучувањето го поврзуваат со начинот на организирање на студентите, додека најмал број (7,1%) со нивото на комуникација со професорите.




***Слика 5.*** *Причини за учество на студентите во процесот на одлучување за прашања важни за студентскиот живот*

Поврзувањето на учеството на студентите во процесите на одлучување пред сè со личната мотивација може да се толкува како дестимулирачки податок и укажува на недостатоци во промоцијата на студентското организирање како заеднички бенефит за сите студенти. Овој податок сугерира дека во основа вклучувањето во студентското делување зависи единствено од самиот студент (било да станува збор за мотивација која се базира на себепромоција и задоволување на потесни (лични) интереси, било да станува збор за мотивација која е насочена кон постигнување бенефит од пошироки размери). Имено, ова индицира отсуство на поттикнувачки/стимулирачки елементи во самото студентско организирање кои произлегуваат од веќе идентификувани резултати од досегашното делување.

Потенцирањето на личната мотивација како најважен фактор за учество на студентите во одлучувањето е многу загрижувачко ако се има предвид дека голем дел од студентите мислат дека на универзитетите не се почитуваат целосно нивните права.[14] И во претходните истражувања процентот на студенти заинтересирани за вклучување во процесите на одлучување е на многу ниско ниво. На пример, според истражувањето на СЕГА, само 11% од анкетираните мислат дека младите се заинтересирани своите права да ги остварат преку сопствените организации и за тоа активно се залагаат.[15]

[14] Марковска Е., Нашковска, М., (2010), Истражување на младинските трендови во Република Македонија, Коалиција на младински организации СЕГА.

[15] Марковска Е., Нашковска, М., (2010), Истражување на младинските трендови во Република Македонија, Коалиција на младински организации СЕГА.

Според ова истражување младите не се заинтересирани да учествуваат во овие организации бидејќи тие не нудат решавање на вистинските проблеми со кои се соочуваат младите.

Начинот на организирање како фактор кој влијае на учеството на студентите во процесите на одлучување се перципира како значаен од страна на 19% од студентите (при што е означаен за студентките отколку за студентите, и за студентите од повисоките години на студирање од оние на пониските години на студирање).




***Слика 6.*** *Кростабулации на годината на студирање со начинот на организирање на студентите како причина за учество на студентите во процесите на одлучување*

И во истражувањето на СЕГА, младите искажуваат став дека за поголемо учество на младите им треба подобро организирање.[16]

Од ова може да се изведе заклучок дека доколку се направат промени во начинот на организирање на студентите и во процедурите за избор, односно за учество во одлучувањето, може да се очекува зголемен ангажман на студентите во работењето и активностите на овие структури.

Според анкетираните студенти, партиската припадност на студентите, единството на студентите во настапот, аргументираноста и јасноста на барањата на студентите и нивото на комуникација со професорите многу поретко се гледаат како главни причини за учеството на студентите во процесите на одлучување за прашања важни за студентскиот живот.

Овој податок мора да се земе со резерва и да се стави во контекст на податокот дека голем број студенти воопшто не се соодветно запознаени со работењето на студентската организација, односно не слушнале за нејзиното постоење. Уште повеќе ако се има предвид дека за значаен дел од студентите, вмешаноста на политиката исто така претставува значаен фактор во решавањето дали да се учествува или не во одлучувањето за работите од нивен интерес.

[16] Марковска Е., Нашковска, М., (2010), Истражување на младинските трендови во Република Македонија, Коалиција на младински организации СЕГА (стр. 24).

### *Зошто студентите не се решаваат да влезат во процесите на одлучување?*

Според податоците добиени во други истражувања поврзани со генералното граѓанско учество во процесите на одлучување (направени во 2015 и 2016 година),[17] на голем дел од граѓаните им е важно да влијаат врз процесите на одлучување („...во 2015 година 52,93% од граѓаните постари од 29 години рекле дека многу им е важно да влијаат, наспроти 39,21% од нивните помлади сограѓани"), меѓутоа, најголем дел од граѓаните не учествуваат во граѓанските иницијативи затоа што немаат време.[18]

Овој податок во голема мера се поклопува со податоците добиени во актуелното истражување на јавното мислење поврзано со студентското организирање. Според добиените податоци од ова истражување, за 48,1% од студентите, немањето време претставува пречка за вклучување на студентите во процесите на одлучување, меѓутоа тоа не е перципирано и како најголема пречка.

Студентите не се решаваат да учествуваат во работата на студентската организација или да се обидат директно да влијаат врз одлучувањето пред сè поради незаинтересираност (за 72,9% од анкетираните студенти ова претставува пречка да се вклучат во процесите на одлучување), поради незнаење за можностите за учество (што претставува пречка за 74,7% од студентите) и поради отсуство на резултати (54,5% од студентите го перципираат ова како пречка).




***Слика** 7. Пречки за студентите да влезат во процесите на одлучување на факултетите и Универзитетот*

[17] Лешоска В., Малеска Т., Коруновска Србијанко Ј., Граѓаните и нивните заедници: Граѓанското учество, активизмот и волонтерство во Република Македонија, Издавач: Реактор - Истражување во акција.

[18] http://www.graganskoucestvo.mk/

Стравот од реваншизам на професорите поради учеството во процесите на одлучување не се издвојува како една од најзначајните пречки, меѓутоа е перципиран како пречка за поголема активност од страна на 35% од анкетираните студенти. Ова значи дека значаен број студенти (повеќе од една третина) не само што не ги перципираат професорите како поддршка во процесите на одлучување и промотори на демократските односи на факултетите и на Универзитетот, туку како основна пречка за слободното искажување на мислењето и активната партиципација.

Студентите кои веќе биле вклучени во процесите на одлучување во поголема мера го посочуваат реваншизмот како пречка за разлика од другите, што може да значи и дека директно се соочиле/судриле со ваквиот однос на професорите.

Интересно е овие податоци да се погледнат и низ призмата на подготвеноста за учество во процесите на одлучување со којашто студентите влегуваат од средното образование (колку знаат, колку вештини имаат и на кој начин гледаат на демократските процеси). Имено, според податоците на трудот „Компаративна анализа на состојбата со учеството на децата и младите во образовниот процес – ЕУ“[19]: „Извештаите за спроведување на Конвенцијата за правата на детето подготвени од страна на коалицијата СЕГА упатуваат на генерален заклучок дека е постигнат мал напредок кон регулирање на оваа материја на национално ниво. Во анализата „Резултати од годишниот мониторинг врз спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето во Р. Македонија“ како клучен наод е наведено дека и во 2012 и во 2011 година "може да се констатира ниско ниво на учество на децата во донесувањето одлуки во сите локални и национални институции". Покрај постоењето на извесни механизми на национално ниво, како и документи за спроведување на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата и коишто, за жал, не предизвикуваат никакви позитивни ефекти, ниту, пак, делуваат, клучно е како оваа материја се регулира во домашното законодавство.“

„Според наодите од 2011 и 2012 година, може да се констатира ниско ниво на учество на децата во донесувањето одлуки во сите локални и национални институции. Нема никакви промени и унапредувања во националното законодавство, посебно во сферата на образованието и локалната самоуправа, со што би се овозможило законско регулирање на учеството во донесувањето одлуки и институционализација на формите преку кои децата можат да си обезбедат учество. Во овој контекст треба да се напомене дека според мониторингот и контактите со граѓанските организации, не се евидентирани никакви иницијативи ниту од државата ниту, пак, од граѓанските

[19] Атанасова-Ѓоревска Г. (локален консултант), Компаративна анализа на состојбата со учеството на децата и младите во образовниот процес – ЕУ, регионални и домашни практики, Коалиција на младински организации СЕГА.

организации за унапредување на регулативата. Иако досега повеќе пати е потенцирана потребата од дополнувањето на законските рамки, и понатаму овие иницијативи изостануваат.“

Од ова може да се изведе заклучок дека една од основните пречки за вклучување на студентите во процесите на одлучување може да се побара во нивната неподготвеност во претходниот процес на образование и отсуството на знаења и вештини кои би им овозможиле активен ангажман за прашањата од нивни интерес и на факултетите, односно Универзитетот.

### *Друг граѓански активизам на студентите*

Според добиените податоци, пасивниот однос на студентите во однос на процесите на одлучување на факултетите и на Универзитетот е дел од генерално пасивниот однос на студентите кон различните форми на студентски активизам. Имено, многу мал број од анкетираните студенти се изјаснија дека членуваат во други формални организирања на студентите. Само 4,5% од анкетираните студенти биле вклучени во вакви здружувања (што се поклопува со перцепцијата на незаинтересираноста како основна причина за неучество во процесите на одлучување).

Многу слична констатација може да се сретне и во истражувањето „Студентите за себе“.[20] „На ниво на високо образование, според истражувањето Студентите за себе (МОФ, 2012) се забележува висок степен на неучество во студентски организации, каде 85% не членуваат во ниту една студентска организација и 79% од нив немаат гласано на студентски избори. Охрабрувачки е тоа што регистарот на студентски организации (МОФ, 2012) брои над 50 студентски организации и клубови на територијата на град Скопје, што укажува на диверзитетот на формите на организирање и потенцијалниот распон на интереси на студентите.“

Интересно е дека неучеството на студентите во различните облици на студентско организирање не се поклопува со нивната активност во други видови здружувања. На пример, според податоците добиени во истражувањето за граѓанското учество: „Доследно, во периодот од 2013 до 2016 година младите почесто членуваат во организации или клубови. Апсолутните разлики се најголеми во 2014 година, кога 31,52% од испитаниците помлади од 29 години потврдиле членство, наспроти 17,39% од нивните постари сограѓани.“

[20] Јованов И., Давидовска И., Костуранова Д., (2013), Младинско организирање во Македонија, Национален младински совет на Македонија.

Неучеството на студентите во нивната сопствена организација не кореспондира со генерално високото ниво на генерален интерес за политиката. На пример, според податоците од истражувањето „Идентитетите на студентската популација во Република Македонија“[21] – скоро половина од анкетираните студенти (48,8%) одговориле дека делумно се интересираат за политика, додека дополнителни 18,2% одговориле дека многу се интересираат за политика. Според ова истражување, 22,7% од анкетираните се изјасниле дека членуваат во студентска организација.

Вкрстувањето на овие податоци може повторно да нè доведе до заклучокот дека неактивноста на студентите во рамките на студентската организација (дури и тогаш кога формално членуваат во неа) се должи пред сè на отсуството на доверба во оваа и ваква организација, односно недоверба во нејзиното конкретно делување, а не на незаинтересираноста на студентите да учествуваат во процесите на одлучување и да влијаат врз одлуките кои се донесуваат на факултетите и на Универзитетот.

Овој заклучок го потврдува и податокот дека дури 83% од студентите кои беа анкетирани мислат дека е потребно неформално здружување на студентите и исто толкав процент учествувале во некој облик на неформално здружување.

Над 60% од студентите кои беа анкетирани мислат дека Студентскиот пленум[22] (како облик на неформално здружување) бил потребен и сè уште е потребен, при што најголем број од студентите кои го перципираат Студентскиот пленум како потребен не биле вклучени во актуелните студентски организации.




***Слика 8.*** *Ставот на студентите за формирање и делување на Студентскиот пленум*

---

[21] http://isppi.ukim.edu.mk/files/identitet-na-studentskata-populacija.pdf

[22] Кој себе се нарекува: „Студентска иницијатива за одбрана на правата на студентите.“ (https://www.facebook.com/pg/StudentPlenum/about/?ref=page_internal)

Во слична насока се движат и заклучоците на студијата за граѓанскиот активизам,[23] според кои: „Во контекст на наодите од оваа студија не е сосема оправдано да се зборува за ерозија на граѓанското учество меѓу младите и посоодветно е да се заклучи дека младите не се незаинтересирани за граѓанска партиципација, туку дека учествуваат поинаку. Иако постојат разлики во нивото на учество, пожелно е да се интерпретираат во контекст на разликите во модусите на учество меѓу кохортите (Bennett, et al., 2007; Dejaeghere & Hooghe, 2009; Jois & Toppe, 2005). Помладите, споредбено, поретко учествуваат во електоралните форми на партиципација и во активизмот, кој е посредуван од државните механизми, но во последните две години значително почесто од нивните постари сограѓани се вклучени во хостилен или спротивставувачки активизам, особено преку учество на протести. Во 2015 година, кога застапеноста на хостилниот активизам значително расте, 36,94% од граѓаните помлади од 29 години учествувале во оваа форма на активизам, наспроти 22,22% од постарите. Од друга страна, застапеноста на контакт активизмот кај двете возрасни групи е реверзна и, за споредба, во 2015 година третина (33,33%) од граѓаните постари од 29 години биле инволвирани во контакт активизам, наспроти четвртина (24,62%) од нивните помлади сограѓани.“

Овој податок може да се гледа и во контекст на податокот добиен во истражувањето за младите[24] според кој довербата на младите во здруженијата на граѓани е на исклучително ниско ниво (како и довербата кон политичките партии и Парламентот).

* * *

Од добиените податоци може да се извлече генерален заклучок дека во актуелниот момент најголем број од студентите мислат дека немаат влијание во процесите на одлучување на факултетите и на Универзитетот, и не мислат дека постоечката студентска организација има значајно влијание во овие процеси.

Најголемо влијание врз ваквиот став на студентите има тоа што тие не ја препознаваат студентската организација како своја, не ја перципираат студентската организација како репрезент на нивните потреби и интереси и имаат многу поголема доверба во неформалното делување, отколку во делувањето преку постоечките студентски организациони форми.

Отсуството на поголем ангажман во студентската организација го поврзуваат со незаинтересираноста, но и со отсуството на видливи резулта-

---

[23] Лешоска В., Малеска Т., ... Граѓаните и нивните заедници: Граѓанското учество, активизмот и волонтерство во Република Македонија, Издавач: Реактор - Истражување во акција.

[24] Доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ, Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, Доц. д-р Елеонора, Серафимовска, Доц. д-р Анета Цекиќ, (2013), СТУДИЈА ЗА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013, Фондација Фридрих Еберт.

ти од делувањето на оваа организација и незнаењето за нејзиното постоење и можностите за делување.

Студентите не се рамнодушни кон процесите на одлучување и нивното влијание во овие процеси и имаат изграден став за промените кои би требало да бидат направени со цел зголемување на влијанието коешто го имаат. Студентите мислат дека треба да бидат направени промени во студентското организирање и овие промени ги гледаат пред сè како промена на начинот на организирање на студентите и изборот на претставниците на студентите.

Како најприоритетни области од академскиот живот во кои студентите треба да бидат вклучени во процесите на одлучување, студентите ги издвојуваат: изведувањето на наставата, условите за студирање и изведувањето на испитите. Овој податок треба да се има предвид при идните можни промени на процедурите и надлежноста на студентското организирање.

Студентите не се решаваат да учествуваат во работата на студентската организација или да пробаат директно да влијаат врз одлучувањето пред сè поради незаинтересираност, поради незнаење за можностите за учество и поради отсуство на резултати (49,6% од студентите го перципираат ова како пречка).

Пасивниот однос на студентите во однос на процесите на одлучување на факултетите и на Универзитетот е дел од генерално пасивниот однос на студентите кон различните форми на студентски активизам. Меѓутоа, оваа пасивност не се однесува на неформалното здружување и делување. Зголемувањето на влијанието врз процесите на одлучување, студентите го поврзуваат и со можноста за делување надвор од институционалната рамка на студентското организирање и можноста за директно влијание преку петиции, иницијативи и јавно искажано мислење.

# ПСИХОЛОШКО-СОЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОРАЛНА МОТИВАЦИЈА И СТАВОВИ НА СТУДЕНТИТЕ ПРИ УКИМ

# I Поврзаноста на димензиите на личноста и партиципативното однесување на студентите во студентската организација на УКИМ

### *Психолошко-социјални карактеристики на младите/ студентите*

Поимот млади ја определува фазата на животен циклус кој се сместува помеѓу детство и возрасност (односно помеѓу адолесценција и возрасност), која како впрочем и сите старосни групи претставува општествен конструкт. Категоријата млади содржи консензус за постоењето на некои биолошки дадености (на пр. универзалност на онтогенезата, био-психичко созревање како клучно обележје на младоста) и свест за нивната социјално условена артикулација. Во согласност со наодите на многу современи истражувања, периодот на младост во денешните општества трае подолго, односно почнува порано, а завршува подоцна. Траењето на младоста е различно и во својата основа е социјално, а не биолошки определено.

Како испитаници во ова истражување беа вклучени млади студенти, главно на возраст од 18 до 25 години (студенти на додипломски студии). Тие, согласно со теориските и емпириските сознанија од развојната психологија, припаѓаат во животниот период кој се именува како „рана зрелост”. Раната зрелост го опфаќа периодот од 18 до 40 години. Овој период започнува со премин од адолесценција кон рана зрелост и има две потфази - едната е од 18 до 25, а втората од 25 до 39 години. На возраст од 18 до 25 години младите тежнеат кон независност од родителите и градат визија за постигнувањата во животот кои се поврзани со професијата и интимните релации (Gormly, Brodzinski, 1990).

Во раната зрелост основните развојни задачи се од доменот на созревање во психолошка смисла: воспоставување на идентитет, интимност, емоционална стабилност, одговорност за себе и другите, започнување професионална кариера, формирање брачна заедница, донесување одлука за родителство, воспоставување мрежа од пријатели и преземање граѓанска одговорност. Главна развојна задача во овој период е стабилизација на идентитетот на егото. Откако ќе настапи стабилизација на идентитетот на егото, нов вид на интимност станува можен - интимност на возрасен базирана врз заемна размена (Gormly, Brodzinski, 1990).

Социолозите кои го проучуваат феноменот на млади, разликуваат синхронизирана и несинхронизирана младост (Nikolic, 2004). За синхронизираната младост карактеристична е временската и содржинската координација на по-

стигнување економска независност, постојано вработување и формирање семејство. Несинхронизираната младост ја определува временски и содржински некоординирано постигнување на определени возрасни улоги. Истражувањата покажале дека во која мерка некој поединец доживува синхронизирана, односно несинхронизирана младост, силно влијае врз животниот стил, ставовите и односот на поединецот кон реалноста. Во западните земји, младоста повеќе или помалку е прашање на избор. Во земјите на транзиција во кои долго време се наоѓа и Македонија, младоста е предмет на принуда. Кај нас доминира изнудена, продолжена младост, односно несинхронизирана младост.

Трансформацијата на младоста зависи од степенот на слобода во некое општество што се одразува во можноста за избор на вредности согласно со постоењето на плуралистичките понуди, постоечката култура, квалитетот на едукацијата, како и конфликтите во општеството. Општествената транзиција ја попречува трансформацијата која се случува во младоста, особено кога транзицијата не се појавува сама, туку заедно со различни облици на вооружен конфликт.

Често се поставува прашањето „Какви се младите?". Од ова општо прашање произлегуваат следниве две основни прашања кои се најчесто поставувани: „Дали младите се прогресивни?" и „Дали младите внесуваат нови вредности во општеството?" Според Шибер (1998, стр. 143) и на едното и на другото прашање треба да се одговори одречно. Според него, прогресивноста на младите е резултат на нивната насоченост кон иднината, која, пак, е резултат на интеракција на вкупниот развој на општеството и биолошките промени. Според Шибер, основна особина на младите е да ги бираат екстремните решенија, а содржината на тие решенија вообичаено е резултат на постоечките конфликти во општеството.Во политички и поширок социјален контекст младите ги бираат зародишите на новото (кое може да биде и старо) општествено функционирање.

Испитаниците во ова истражување припаѓаат на милениумската генерација, а тоа е генерација која од своето раѓање па до денешен ден е сведок на серија општествени настани кои генерираат чувство на небезбедност и несигурност. Кога ќе се земат предвид сите настани кои се случувале во периодот на раст и развој на оваа генерација, може да се заклучи дека станува збор за живеење во општество кое континуирано се наоѓа под висок ризик од безбедносен, економски и социјален аспект. Во „Студијата за младите во Република Македонија" (Топузовска Латковиќ, М. и др., 2016), како настани кои младите ги перципираат како општествено негативни се наведени следните: етничкиот вооружен конфликт од 2001 година, природните непогоди во земјата, атентатот на претседателот Киро Глигоров, војните на просториите на Поранешна Југославија.

Истражувањето за очекувањата на младите во Република Македонија, реализирано во 2006 год. (Талески и др. 2006) настојува да даде приказ на перцепциите на младите во однос на виталните социо-економски, внатрешно

и надворешно политички прашања, како и прашањата од сферите на образованието, миграциите, човековите права. Општата перцепција за состојбите во државата, како и перцепциите за внатрешнополитичката ситуација, јасно ја покажуваат состојбата на летаргичност кај младите која е проследена со недоверба кон државните институции. Овие податоци се потврдени и во поскорешните истражувања реализирани од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања: „Идентитетите на студентската популација во Република Македонија" (Цветанова и др., 2016), „Перцепцијата на идентитетите на студентската популација во Република Македонија" (Христова и др., 2014); Студијата за младите во Република Македонија, 2016 год. (Латковиќ и др., 2016), Студијата за младите во Република Македонија (Латковиќ и др., 2013). Истражувањата покажуваат дека главно младите не се општествено активни, а оние млади кои се активни, членуваат во политички партии, помал дел се членови на невладини и спортски организации, а најмалку се членови на професионални организации. Истражувањата покажаа дека оној процент на студенти кои одговориле дека се политички активни, навеле прагматични причини: вработување, подобар стандард, заштита и сл. Отсуството на политичката партиципација на младите е актуелна тема дури и за западните демократии каде е регистрирано опаѓање на интересот на младите, особено за учество во формални облици на политичка партиципација. Ваквата состојба политиколозите ја толкуваат како резултат на разочараноста и недовербата кон политичките претставници и партии (според Цекиќ, Цветанова и др., 2016 стр. 50). Истражувањата во посткомунистичките држави покажуват дека младите не се задоволни од институциите и немаат чувство дека нивните потреби и барања се застапени во политиките на нивните влади (според Цекиќ, Цветанова и др., 2016 стр 51).

Сепак, тука треба да се истакне дека во текот на 2015 година студентите на неформален начин на организирање манифестираа општествено незадоволство преку студентските протести и активизмот на социјалните мрежи. Но, повторно може да се случи апатичност во однесувањето на студентите доколку повторно ја изгубат довербата во институциите на власта која се промени во 2017 година.

Во однос на образовниот систем, младите покажуваат незадоволство од практичните вештини кои ги нуди образовниот систем. Кај нив постои скептичност за наоѓање работа со стекнатите знаења од постоечкиот систем на образование. Младите не веруваат дека со продолжување на едукацискиот процес, во Македонија би им се овозможила подобра позиција на пазарот на трудот. Образовниот систем го доживуваат како застарен систем кој споро се менува.

Во однос на политичката идеологија се покажа дека кај студентската младина која е родена и која има растено во независна Македонија и која ја прекинала социјалистичката идеологија својствена за комунистичките земји, сепак доминира социјалистичката идеологија за која е својствена колективната одговорност, рамноправната распределба на средства, како не-

конформизам и очекување одговорноста да ја преземаат институциите на власта. Имено, резултатите од примена на тестот кој ја определува политичката идеологија врз основа на моралност (Morality Based Political Test, Dibois 2004) покажаа дека 71% од испитаните студенти имаат социјалистичка идеологија (Марковиќ, 2010).

Кај студентите се забележува усвојување на вредности кои се потребни и неопходни за адаптивно однесување во услови на либерализација на општеството (независност, снаодливост, амбициозност), а истовремено сè уште егзистираат вредности својствени за социјалистичкото општество. Релативното отсуството на потребата за натпреварувањето говори за преферирање на колективната одговорност и намалена граѓанска иницијативност (Марковиќ, 2010).

Констатираната пасивност на младите за теми кои ги засегаат како граѓани свој одраз има оставено врз обликувањето на просечниот профил на личност.[25] Одразот на постоечката култура воопшто, но и на политичката култура особено, врз обликувањето на личноста, може да се види преку приказот на просечниот профил на личноста добиен според петтофакторскиот модел на личност. Од овој профил може да се види дека постои отсуство на потребата за вклучување во општествена акција, а причините за сопственото незадоволство се проектираат кон надвор (односно им се припишуваат на другите, на институциите). Се забележува послаба изразеност на цртата на личност „Искреност" која упатува на искреност и чесност, а сепак доволно е изразена цртата која упатува на потребата да им се помага на другите – „Алтруизам". Се забележува намалена изразеност на цртата на личност „Доверба" (послабо е изразено верувањето дека другите се чесни и добронамерни). Ниските постигнувања на димензијата на личност „Соработливост" говорат за отсуство на граѓанска иницијатива, отсуство на потребата за здружување и за постигнување на заеднички цели и сл. Ниско изразена е и цртата на личност „Должност" од димензијата „Совесност", а упатува на однесување водено од чувството на должност и доследност во прифаќањето на етичките принципи. Висока изразеност на цртата „Анксиозност" (од димензијата „Невротицизам") упатува на определена емоционална нестабилност која свој одраз, пак, наоѓа во ниско изразената доверба кон другите (ниска „Соработливост")[26].

[25] Просечниот профил на личност се добива кога ќе се пресметаат аритметичките средини за секоја црта и димензија од НЕО-ПИ-Р, инвентарот на личност кој ги содржи прашањата за секоја од шесте црти на личност што определуваат по една димензија на личност (Terracino, 2005).

[26] *Димензии и аспекти на Петтофакторскиот модел на личноста*

| Димензии и аспекти на димензии | Знак | Основни содржини на аспектите на димензиите |
|---|---|---|
| НЕВРОТИЦИЗАМ | **Н** | |
| Анксиозност | **Н1** | страв, загриженост, напнатост |
| Хостилност (непријателство) | **Н2** | чувство на гнев, фрустрираност, иритираност и огорченост |

| | | |
|---|---|---|
| Депресија | **H3** | чувство на вина, тага, беспомошност и осаменост |
| Вознемирувачка окупираност со себе | **H4** | срам, вознемиреност, непријатност во контактот со другите луѓе, чувствителност на озборување, тенденција кон чувството на инфериерност |
| Импулсивност | **H5** | неможност да се контролираат импулсите и нагоните |
| Вулнерабилност | **H6** | чувствителност на стрес, слаб капацитет |
| ЕКСТРОВЕРТНОСТ | E | |
| Топлина | **E1** | емоционалност, пријателска настроеност, лесно формирање на емотивни врски, наклонетост спрема другите луѓе |
| Желба за дружење | **E2** | желба за дружење, тенденциозност да се биде опкружен со други |
| Самоувереност | **E3** | доминација, сила, социјален раст |
| Активитет | **E4** | брзо темпо,со енергија исполнети движења, тенденција постојано нешто да се прави |
| Потрага за возбуда | **E5** | желба за возбуда и стимулација |
| Позитивни емоции | **E6** | тенденција да се почувствуваат позитивни емоции како што се: радост, среќа, љубов и возбудување |
| ОТВОРЕНОСТ | **O** | |
| Фантазија | **O1** | жива имагинација, чести дневни фантазии |
| Естетика | **O2** | наклонетост кон убавото и уметноста |
| Чувства | **O3** | рецептивност на сопствените емоции, вреднување и длабоко проживување на искуството |
| Акција | **O4** | желба да се пробаат различни активности, преференција на ново |
| Идеи | **O5** | интелектуална љубопитност, отвореност на умот, желба за нови неконвенционални идеи |
| Вредности | **O6** | отвореност кон нови вредности, спремност за преиспитување на социјалните, политичките и религиозните вредности |
| СОРАБОТЛИВОСТ | **A** | |
| Доверба | **A1** | верување дека другите луѓе се чесни и добронамерни |
| Искреност | **A2** | искреност, чесност, честитост |
| Алтруизам | **A3** | активна грижа за доброто на другите, несебичност, подготвеност да им се помогне на другите |
| Попустливост | **A4** | инхибиција на агресивност, почитување на другите, тенденција да се прости и заборави, благост и добронамерност |
| Скромност | **A5** | скромност, повлеченост |
| Благ темперамент | **A6** | симпатија и грижа за другите, нагласување на хуманите аспекти на социјалната политика |
| СОВЕСНОСТ | **C** | |
| Компетенција | **C 1** | чувство на сопствена ефикасност, сила, способност, доверба во себе |
| Ред | **C 2** | чистост, уредност, добра организираност |
| Должност | **C 3** | однесување водено од чувството на должност, доследно прифаќање на етичките принципи и скрупулозно исполнување на моралните обврски |
| Тежнение кон постигнување | **C 4** | високо ниво на аспирација, спремност напорно да се работи за да се постигне определена цел |
| Самодисциплина | **C 5** | способност да се почне и да се истрае во работата и покрај здодевност или потешкотии; самомотивација во цел на завршување на започнатата работа |
| Промисленост | **C6** | диспозиција внимателно да се промислува пред да се тргне во акција |

(Серафимовска, Марковиќ, 2013)

Ваквата изразеност на просечниот профил на личноста на студентот секако не е индикатор за оформена граѓанска свесност кај младата популација во РМ (Марковиќ, 2010).

### *Петтофакторскиот модел на личност / „Големите Пет“ и политичкото поведение*

Петтофакторскиот модел на личност („Големите Пет“) се одвојува од останатите, бидејќи истиот не е базиран врз која било теорија на личноста, туку се заснова врз анализа на јазикот, на природниот систем на кој луѓето комуницираат со цел меѓусебно да се разбираат (McCrae, Costa 1992). Петтофакторскиот модел претпоставува постоење на пет базични димензии кои се наоѓаат во основа на особините на личноста, а кои се добиени по пат на анализа на јазикот, односно на атрибутите кои се користат во секојдневниот говор за именување на личносните особености, како и од податоците кои се добиени преку примена на психолошките мерни инструменти. Моделот поаѓа од концептот на хиерархиска структура на цртите на личност. Основните пет фактори се именувани како домени и бихевиорални димензии кои можат да се групираат на различни начини.

- Невротицизам е првата димензија која разликува приспособеност и емоционална стабилност од неприспособеност и емоционална нестабилност;
- Екстроверзија е втората димензија која се однесува на социјални релации, на друштвеноста;
- Отвореност е третата димензија која се однесува на естетска сензитивност, интелектуална љубопитност, интрацептивност, потреба за промена, независно мислење, преференција на различности, односно склоност кон недогматски ставови;
- Соработливост е димензија на интерперсонални релации. Вклучува доверба, сочувство, потреба да им се помогне на другите наспроти цинизам, себичност и антагонизам. Потесни аспекти се доверба, искреност, алтруизам, скромност;
- Совесноста претставува способност на самоконтрола како дисциплинирана насоченост за реализација на поставените цели, како и придржување до сопствените принципи. Се манифестира преку процесите на планирање, организација, извршување на должност и обврски.

Мондак и Халперин (2008) истакнуваат дека промената во истражувањата во доменот на политичките науки се случува благодарение на истражувањата во областа на психологијата на личноста каде доаѓа до појава на неколку факторски модели. Од нив најпознат е петтофакторскиот модел. Серијата на истражувања во областа на политичките науки резултирала со податоци кои укажуваат дека сите пет димензии на личноста (согласно со петтофакторскиот модел) имаат определена поврзаност со определени

аспекти на политичкото поведение. Поврзаноста помеѓу личноста и политичкото поведение, според авторите треба да се разгледува од два аспекти. Првиот аспект е дека разликите во личноста можат директно да влијаат врз различните облици на политичко поведение, на пример: начин на гласање, политички ставови, јачина на идентификација со определени политички партии и сл. Вториот аспект е дека разликите во личноста можат да доведат до индиректни ситуациски ефекти врз политичкото поведение. Неодамнешните истражувања во психологијата укажуваат дека ситуациските фактори, како што е, на пример, заканата по безбедноста на општеството, влијаат врз начинот на политичко расудување.

Податоците од истражувањата кои се во доменот на проучување на политичкото поведение преку поврзаноста со димензиите на личноста покажале дека основните политички предиспозиции се длабоко вкоренети во личноста. Податоците покажале дека димензиите на личност „Отвореност за нови искуства“ и „Совесност“ се поврзани со важни политички предиспозиции и ставови. Се покажало дека Отвореноста е негативно поврзана со идентификацијата со конзервативизмот како идеологија, а позитивна поврзаност била добиена помеѓу посочената идеологија и цртата на личност - Совесност. Лицата со висока изразеност на димензијата Совесност имаат чувство на обврска да бидат добри граѓани и на тој начин да партиципираат во општеството.

Совесноста е димензија на личноста која вклучува диспозиција да се биде сигурен, организиран и точен, како и напорно да се работи и да се биде вреден. Луѓето со високо ниво на совесност обично се истакнуваат во училиштето и на работното место. Се покажало дека димензијата која упатува на емотивната стабилност (Невротицизам) влијае врз односот кон политичките права. Имено личностите кои се смирени и сигурни се застапници на политиката рамноправност. Соработливоста се покажало дека е позитивно поврзана со интерперсоналната доверба и довербата во политиката.

### *Поврзаност на димензиите на личностите „Соработливост“ и „Совесност“ со учеството во студентското организирање на стутентите од УКИМ*

За целите на ова истражување беа употребени две скали кои мерат две димензии на личностите Совесност и Соработливост од верзијата на ИПИП НЕО тестот на личност, кој содржи 50 “ајтеми” и кој претставува кратка мерка на Големите Пет димензии на личност (Екстровертност, Соработливост, Совесност, Невротицизам и Отвореност). Во оваа форма на тестот, секоја димензија е определена од 10 “ајтеми”. Овој тест ги користи „Големите Пет фактор индикатори“ кои се содржани во Меѓународниот базен за “ајтеми” на личност (International Personality Item Pool), развиен и

конструиран од страна на Голдберг (1992). Овој тест е преземен од “Possible Questionnaire Format for Administering the 50-Item Set of IPIP Big-Five Factor Markers”; International Personality Item Pool.<http://ipip.ori.org/New_IPIP-50-item-scale.htm. Тестот содржи 50 “ајтеми” кои се рангирани на петтостепена скала каде „1“ е „потполно неточно за мене“, „3“ е неутрално - „ниту точно, ниту неточно“ и „5“ е „потполно точно за мене“.

„Ајтемите“ беа преведени на македонски јазик и беа проверени основните метриски карактеристики на двете скали (Соработливост и Совесност). Кронбах алфа - коефициентот кој упатува на внатрешната релијабилност на скалите за скалата која ја мери димензијата Соработливост изнесува 0,79, а за скалата Совесност изнесува 0,82. Овие коефициенти упатуваат на висока релијабилност на обете скали.

Со цел да се утврди дискриминативноста на “ајтемите”, односно дали “ајтемите” имаат капацитет да ги разликуваат испитаниците во однос на степенот на поседување на особината која се мери, беше применет статистикот Пирсонов коефициент на корелација, а корелирани беа резултатите на “ајтемите” со сумарниот резултат на скалата за обете скали: Соработка и Совесност.

***Табела 1.*** *Вредности на Пирсоновиот коефициент на корелација на резултатите на “ајтемите” и сумарниот резултат на скалите: Соработливост и Совесност*

| **Скала Соработливост** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ајтеми | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| R | 0,59** | 0,62** | 0,45** | 0,72** | 0,56** | 0,51** | 0,66** | 0,67** | 0,63** | 0,51** |

| **Скала Совесност** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ајтеми | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| R | 0,50** | 0,69** | 0,47** | 0,69** | 0,64** | 0,70** | 0,69** | 0,640** | 0,60** | 0,60** |

*p <0,01

Овие податоци покажуваат дека постои корелација помеѓу резултатот на секој “ајтем” со сумарниот резултат на скалата на ниво 0,01, што ја потврдува дискриминативноста на “ајтемите”. Се покажа и дека обете скали (Соработливост и Совесност) корелираат на ниво 0,01 (р=0,310).

Преку примена на статистикот за анализа на основните компоненти (Principal Component Analysis) кој определува од колку фактори се состои скалата, беше добиено дека секоја од скалите определува односно заситува еден доминантен фактор.

***Табела 2.*** *Вредности на компонентите/факторите добиени при примена на статистикот за анализа на основните компоненти (Principal Component Analysis)*[27]

| **Соработливост (ајтеми)** | **Компонента** | **Совесност (ајтеми)** | **Компонента** |
|---|---|---|---|
| **1** | ,574 | 1 | ,492 |
| **2** | ,629 | 2 | ,678 |
| **3** | ,421 | 3 | ,437 |
| **4** | ,731 | 4 | ,690 |
| **5** | ,533 | 5 | ,657 |
| **6** | ,476 | 6 | ,694 |
| **7** | ,666 | 7 | ,706 |
| **8** | ,696 | 8 | ,601 |
| **9** | ,657 | 9 | ,617 |
| **10** | ,525 | 10 | ,612 |

Со оглед на добиените податоци, може да се каже дека двете скали имаат солидни метриски карактеристики што овозможува нивна употреба при понатамошното истражување.

Минимален резултат кој може да биде добиен на скалата Совесност и скалата Соработка е 10, а максимален 50. Минимален добиен резултат на скалата Соработка е 16, а максимален 50. На скалата Совесност минимален добиен резултат е 19, а максимален 50. Аритметичката средина за скалата Соработка е 38,07, а на скалата Совесност 37,6. Обете аритметички средини се наоѓаат над 50-тиот перцентил, што би упатувало на особена изразеност на обете димензии кај примерокот испитаници. Кога резултатите ќе се групираат во перцентили се стекнува појасна слика за групираноста на студентите во однос на двете димензии.

[27] Фактор анализа е статистички метод која се користи за да се опише варијабилноста меѓу набљудуваните, корелирани варијабли во однос на потенцијално помал број на непроменети варијабли наречени фактори. Во психологијата фактор анализа се користи за да се идентификуваат «фактори» кои објаснуваат различни резултати на различни тестови.

Колку за илустрација, во сликата која следи е даден приказ на тоа колку генерално студентите се запознаени со работењето на СПУКИМ.




***Слика 1.*** *Запознаеност со работата на СПУКИМ*

Високите 60% и ниските 11,3% говорат за значително нискиот степен на запознаеност со работењето на СПУКИМ, во кој, впрочем, членови се сите студенти на додипломски и постдипломски студии запишани на УКИМ.

Оваа слаба изразеност на информираноста за работата на СПУКИМ говори за релативното отсуство на изграден став во однос на СПУКИМ. Токму ваквата состојба каде постои групирање на најголемиот број на испитаници во една категорија оневозможува понатамошно анализирање на поврзаноста на димензиите на личноста со степенот и валентноста на ставовите кои студентите ги имаат во однос на СПУКИМ, што се покажа и при примената на статистиката на заклучување.

Податоците од истражувањето покажаа дека кај студентите се забележува значајна промена во изразеноста на димензијата Соработливост во зависност од годината на студии, па така како расте бројот на години на студирање, така се зголемува изразеноста на димензијата, што говори дека со текот на споделувањето на заедничките искуства кај студентите се интензивира чувството на доверба во колегите и спремноста за заемно помагање ($r=0,102$, $p<0,05$).

Кај испитаниците се забележува слаба, но сепак индикативна поврзаност помеѓу димензијата Совесност и одговорот на прашањето „Колку сте запознаени со Законот за високо образование?“ ($r=0,131^*$, $p<0,05$) и одговорите на прашањето „Дали би сакале да сте подобро информирани за работата на студентските претставници?“ ($r=0,105^*$, $p<0,05$). Ваквата насока на давање на одговорите соодветствува со изразеноста на димензијата

Совесност. Лицата кај кои постои поинтензивна изразеност на димензијата Совесност имаат потреба да бидат подетално информирани за областите на дејствување за кои треба да го соопштат своето мислење. Интересен е податокот дека е забележана поголема информираност за Законот за високото образование отколку за документите на студентската организација во УКИМ. Овој момент го отвора прашањето на достапност на документите на СПУКИМ до негово членство.

Поврзаност на димензијата Совесност е забележана само во одговорите на посочените две прашања.

Што се однесува на димензијата Соработливост, поврзаност е утврдена во однос на одговорите на прашањето „Дали до сега сте учествувале во неформално здружување на студентите?". Студентите кои имаат поизразена соработливост покажуваат поголема подготвеност и земале учество во неформално здружување на студентите ($r=0,114^{**}$, $p<0,01$). Оваа поврзаност е за очекување бидејќи оние кај кои е поизразена димензијата Соработливост имаат тенденција да покажат солидарност со лицата спрема кои доживуваат емпатија.

Генералната констатација од ова истражување упатува на слаба поврзаност помеѓу димензиите на личностите Совесност и Соработливост и ставовите на студентите за нивната припадност на студентската организација при УКИМ. При понатамошно продлабочено истражување би можело да се продолжи со проучување на поврзаноста на останатите три димензии на личност (Отвореност, Невротичност и Екстровертност) и ставовите за студентското организирање.

Во оваа прилика треба да се напомене дека кај студентите е забележана многу слаба информираност за постоењето и дејствувањето на СПУКИМ, како и слабо изразена иницијативност за предложување, иницирање или учество во организирани активности поддржани од СПУКИМ.

Врз основа на добиените податоци се стекнува впечаток на одвоеност на личноста од случувањата во средината во која егзистираат, а тоа за студентите е вклученоста во високото образование, или поинаку кажано, студентите себе си не се доживуваат како граѓани, припадници на академската средина, иако по својата социјална улога токму тоа и се.

Овие податоци одат во прилог на претходно презентираните сознанија од другите истражувања кои упатуваат на отсуството на постоење на партиципативна политичка култура кај студентите.

### *Степен на интегрираност на социјалната улога: студент во општеството*

Лапонс (2004) конструирал инструмент со кој го идентификувал односот на поединците кон социјални улоги што ги имаат во општеството, а притоа тој однос го гледа како повеќедимензионален, па во него ги вклучува:

- солидарноста кон припадниците на разните социјални улоги
- заеднички интереси со припадниците на разните социјални улоги
- тешкотиите при промена на разните социјални улоги
- значајноста на припадниците на социјалните улоги за поединецот
- мислење за степенот на задоволството на поединците кои припаѓаат на определените социјални улоги за тоа како се третирани во едно општество.

Лапонс ги поврзува (вкрстува) последните две димензии (значајноста на социјалната улога и степенот на задоволство на поединецот кој ја има определената социјална улога со третманот од страна на државата) и зборува за степенот на интегрираност на тие социјални улоги во општеството. Имено, значајноста на социјалните улоги за поединецот и мислење за степенот на задоволството на поединците кои припаѓаат на определените социјални улоги ги сместува во еден координатен систем со апциса како задоволството и координата како значајност. Четирите квадрати се одвоени со една средна зона на релативна неутралност која ги опфаќа средните просеци од Ликертовата скала (во ова истражување Ликертовата скала е определена од 5 степени). Четирите квадрати кои се добиваат со координатниот систем Лапонс ги именува како Квадрат И – зона на интеграција, Квадрат С - зона на стрес, квадрат М – мирна зона и Квадрат П - зона на потенцијални проблеми.




***Слика 2.** Графички приказ на зоните определелени од димензиите „важност на социјалната улога“ и „задоволство од третманот на државата“*

Во квадратот И спаѓаат оние улоги чии припадници поединецот ги смета за важни и смета дека припадниците на таа група се главно задоволни со тоа како се третирани во општеството. Во квадратот С влегуваат оние улоги чии припадници поединецот ги доживува како важни, но истовремено поединецот смета дека припадниците на таа група се главно незадоволни со тоа како се третирани во државата. Ваквата позиционираност на улогите може да претставува стрес за поединецот. Во квадратот М се оние улоги чии припадници не им се важни на поединците, иако припадниците на истите се задоволни со третманот во општеството. Во квадратот П се улогите чии припадници не им се важни на поединците, но припадниците на тие групи се проценети како незадоволни со третманот од страна на општеството. Тие улоги, поточно претставниците на одредени улоги, под одредени услови можат да станат важни и да влезат во квадратот С - стрес или можат да преминат во квадратот М.

Во ова истражување на студентите им беа поставени две прашања кои соодветствуваат на двете димензии на Лапонс. Едното (значајност на социјалната улога) се однесува на тоа колку за нив се важни студентите, припадници на студентската организација на УКИМ (прашањето гласеше: „Колку Вам лично Ви се значајни студентите од студентската организација при УКИМ?“), а второто (степенот на задоволство од третманот на социјална улога во општеството) се однесуваше за тоа колку се задоволни од начинот на кој државата ги третира студентите - припадници на студентската организација на УКИМ (прашањето во прашалникот гласеше „Колку сметате дека студентите од студентската организација при УКИМ се задоволни со тоа како се третирани од оваа држава?“).




**Задоволство од третманот на државата**

***Слика 3.*** *Графички приказ на зоните определени од димензиите „важност на социјалната улога“ и „задоволство од третманот на државата“*

Како што може да се види од прикажаниот графикон: 19% од студентите се наоѓаат во зоната П, која е зона на неважност на улогата да се биде студент припадник на студентската организација на УКИМ (тие на првото прашање одговараат дека студентите од организација при УКИМ не им се значајни лично) комбинирана со мислењето дека студентите од организацијата при УКИМ се незадоволни од третманот на државата на оваа социјална улога. 13% од студентите ја доживуваат како важна оваа социјална улога и се незадоволни од третманот на државата, што ги сместува во квадратот С, односно во зоната на стрес. Скоро со подеднаков процент се застапени оние кои имаат доживување дека се задоволни од улогата и дека е задоволителен третманот на државата (зона И) и оние на кои не им е важна улогата, а сметаат дека третманот на државата е соодветен за оваа социјална улога (зона М). Останатите 58,8% од анкетираните студенти се наоѓаат во средната зона, зона на релативна неутралност.

Овие податоци упатуваат на констатацијата дека до определен студентски активизам може да дојде во случај кога кај оние студенти кои се наоѓаат во зоната П ќе настапи освестување за значењето на улогата да се биде студент (што би значело дека ќе почнат студентите од студентската организација при УКИМ да им се лично значајни, а останат незадоволни од третманот на државата).

Во однос на поврзаноста на овие две прашања за социјалната улога на студент и димензиите на личност може само да се истакне позитивната поврзаност помеѓу димензијата Соработливост и позитивниот одговор на прашањето за значајноста на студентите од студентската организација при УКИМ ($r=0,114$, $p<0,01$), што упатува на поголемата изразеност на солидарност кај студентите кај кои е поизразена димензијата Соработливост. Не е забележана поврзаност помеѓу димензиите на личност и четирите категории на групираност на улогите според важноста и задоволството од општествениот третман на улогата „студент - припадник на студентската организација“.

* * *

За целите на овој сегмент од истражувањето беа употребени две скали кои мерат две димензии на личноста: „Совесност“ и „Соработливост“ од верзијата на ИПИП НЕО тестот на личност, кој содржи 50 “ајтеми” и два сегмента од прашалникот на Лапонс (2004) со кој се идентификува односот на поединците кон социјални улоги што ги имаат во општеството, а при тоа тој однос го гледа како повеќедимензионален, па во него ги вклучува: значајноста на социјалната улога за поединецот и мислењето за степенот на задоволството на поединците кои припаѓаат на одредените социјални улоги за тоа како се третирани во едно општество. Обата инструменти беа споредени со одговорите кои испитаниците ги даваа за информираноста, емоционална-

та валенца и вклучувањето (иницирањето) на активностите во студентската организација на СПУКИМ. Наодите од истражувањата покажаа слаба, скоро незначителна поврзаност на димензиите на личност со когнитивната, афективната и конативната компонента од ставовите на студентите кон СПУКИМ: ваквата состојба се должи на особено слабата информираност на студентите за активностите на организацијата на која припаѓаат.

Анализата на присутноста на обете димензии на личност врз основа на дистрибуцијата на резултатите покажува дека обете димензии се особено изразени кај студентската популација, односно дека се алтруисти.

Во однос на степенот на интегрираност на социјалната улога „студент“ може да се каже дека во најголем процент студентите се наоѓаат во зоната во која не им е важна улогата „студент“, но истовремено тие не се задоволни од третманот на државата. Треба да се обрне внимание и на онаа група студенти кои се наоѓаат во зоната каде постои незадоволство од третманот на државата, а улогата на студент се доживува како значајна. Овие групи на студенти под определни околности можат да бидат активно вклучени во определени движења кои ќе имаат за цел иницирање на промената на односот на државата кон социјалната улога „студент“.

## II Моралната мотивација и активизмот во студентската организација

### *Вовед*

Студиите за моралот имаат екстензивна историја во различни дисциплини; филозофските школи го проучувале описно и нормативно, еволутивната психологија се обидела да го објасни специфичното морално однесување во термини на природна селекција, а политичката наука го проучувала влијанието на моралните кодови врз политичката идеологија. Всушност, моралот игра централна улога во настани кои се движат од индивидуалниот секојдневен живот до големи политички и глобални настани, а со тоа го обезбедува вниманието на многу академски дисциплини.

(http://scholarworks.umass.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1062&context=theses).

Првиот чекор кон концептуализација на моралот во термини на мотивацијата започнал со воспоставување на теоретска рамка. Суштинска разлика што се прави во мотивацијата е таа меѓу тенденциите на приближување/приод и избегнување; во мотивацијата на приближувањето/приод, однесувањето е насочувано од позитивен или посакуван настан или исход, додека во мотивацијата за избегнување, однесувањето е насочувано од негативен или несакан настан или исход (Elliot,1999). Оваа разлика датира уште од интересот за етичкиот хедонизам од античките грчки филозофи Демокрит (460-370 пр.н.е.) и Аристип (430-360 пр.н.е). Таа има особено богата историја во психологијата; највлијателните мотивациони теории ги инкорпорирале концептите за избегнување и приближување на различни начини (Elliot, 1999).

Во последние години, теоретскиот интерес за дистинкцијата избегнување - приближување се проширила во различни области на интерес. Теориите за постигнувањето (McClelland, Atkinson, Clarke, & Lowell, 1953), интерперсоналните релации (на пример, Impett, Gable, & Peplau, 2005), типовите на личности (на пример, Elliot & Thrash, 2002; Emmons, 1996; Markus & Nurius, 1986), биофизиологијата (на пример, Gray, 1982, 1990), како и личните стремежи и субјективната благосостојба (Emmons, 1996; Markus & Nurius, 1986) - сите тие ја прават дистинкцијата помеѓу мотивот за приближување и мотивот за избегнување.

Интересот на ова истражување беше да се стави оваа дистинкција избегнување - приближување во контекст на студентскиот активизам, кој во голема мера се разбира како граѓански активизам. И бидејќи граѓанскиот активизам е важен за благосостојбата на поединецот и заедницата, и затоа што социополитичките ставови се во релација со граѓанската вклученост

(Hope and Jagers, 2014) и затоа што граѓанската вклученост ја овозможува одржливоста на демократското општество и промовира позитивни резултати за оние кои учествуваат, како и затоа што постои поврзаност меѓу социополитичките верувања и некои форми на граѓанско учество (Moore, Hope, Eisman и Zimmerman, 2016), токму поради сите овие факти во фокусот на истражувачкиот интерес беше социјалниот став на студентите кон студентското организирање, како и релацијата на морална мотивација со тој социјален став.

### *Социјални ставови*

Во психологијата ставот се однесува на множество емоции, верувања и однесување кон одреден предмет, личност, работа или настан. Ставовите често се резултат на искуство или воспитување и можат да имаат силно влијание врз однесувањето. Иако ставовите се релативно трајни, тие исто така можат да се променат (Chaiklin, 2011). Социјалниот став е дефиниран како "модел на однесување, антиципативен сет или тенденција, предиспозиција за специфично приспособување или поедноствно, условен одговор на социјалните стимули" (Dockery & Bedeian, 1989, стр. 11).

Структурата на ставовите може да се опише во термини на три компоненти: афективна компонента - оваа ги вклучува чувствата/емоциите на личноста за објектот на ставот, бихејвиорална (или конативна) компонента - начинот на кој ставот влијае врз тоа како некој дејствува или се однесува и когнитивната компонента - вклучува верување/знаење на лицето за објектот на ставот. Овој модел е познат како АБК модел (оригинално ABC model - Affective, Behavioral and Cognitive component). На пример, ако објектот на ставот е абортусот, тогаш когнитивната компонента би ги содржела сите информации и знаења шти ги има една индивидуа за оваа појава, афективната компонента ќе ги содржи емоциите и чувствата што ги предизвикува поимот абортус (објектот на ставот), а бихејвиоралната компонета, пак, ќе ги вклучува активностите и однесувањата на индивидуата во однос на абортусот: излегување на организирани кампањи за поддржување на абортусот, учествување во телевизиски дебати на таа тема и слично.

Една од основните претпоставки за врската помеѓу ставовите и однесувањето е конзистентноста. Ова значи дека често или обично се очекува однесувањето на едно лице да биде во согласност со ставовите што ги има. Ова се нарекува принцип на конзистентност. Принципот на конзистентност ја одразува идејата дека луѓето се рационални

и се обидуваат да се однесуваат рационално во секое време и дека однесувањето на едно лице треба да биде во согласност со нивниот став/ставови. Иако овој принцип може да биде основен (базичен), јасно е дека луѓето не го следат секогаш и понекогаш се однесуваат на навидум сосема нелогични начини. Постојат докази дека когнитивните и афективните компоненти на однесување не секогаш се совпаѓаат со однесувањето (Eagly & Chaiken, 1993).

### *Компоненти на ставот за студентското организирање и претставување*

Во согласнос со АБК моделот, ставот за студентското организирање и претставување беше разложен на неговите компоненти, кои всушност беа претставени во резултати на три потскали. Имено, од целиот прашалник кој беше зададен на студентите и кој содржеше неколку логички целини опишани во делот насловен како Методолошки приод беа издвоени само оние делови кои се однесуваа на: когнитивната компонента (претставена со Когнитивна супскала = сума од 13 прашања за информираноста и знаењето на студентите за активностите на студентската организација, лидерите и претставниците на студентските парламенти), афективната компонента (претставена од Афективна супскала = сума од 4 прашања за задоволството на студентите со неколу аспекти на студентското организирање) и бихејвиоралната компонента (претставена со Бихејвиорална супскала = сума од 8 прашања за студентската вклученост во организацијата).

Кронбах алфа - коефициентите на секоја супскала посебно (за Когнитивната супскала = 0,883; за Бихејвиоралната супскала = 0,661 и за Афективната супскала = 0,834), "тотал ајтем" корелациите на секој "ајтем" со соодветниот сумарен износ (сите значајни на ниво 0,01) покажаа дека сите потскали можат да се гледаат како засебни скали со свој сумарен износ.

Дескриптивната статистика ги покажа следните резултати:

***Табела 3.*** *Дескриптивна анализа на Когнитивната, Бихејвиоралната и Афективната супскала*

| | **Минимум** | **Максимум** | **Аритметичка средина** | **Стандардна девијација** |
|---|---|---|---|---|
| **Когнитивна супскала** | 0 | 13 | 2.76 | 3.076 |
| **Бихејвиорална супскала** | 0 | 7 | .77 | 1.222 |
| **Афективна супскала** | 4 | 20 | 10.42 | 3.485 |

Како што може да се види од табелата бр. 3, на супскалата која ја отсликува когнитивната компонента теоретскиот, а и добиениот опсег е од 0 до 13, а аритметичката средина изнесува 2,76; на супскалата која ја отсликува бихејвиоралната компонента теоретскиот, а и добиениот опсег е од 0 до 7, а аритметичката средина изнесува 0,77, и на супскалата кога ја отсликува афективната компонента – теоретскиот, а и добиениот опсег е од 4 до 20, а аритметичката средина изнесува 10,42. Ова значи следново: испитаните студенти покажуваат исклучиво ниска информираност (ниско ниво на знаење) за различните аспекти и случувања на студентското организирање - од максимумот 13 поени испитаните студенти покажуваа просечен резултат од 2,76, што е многу низок резултат; понатаму, испитаните студенти покажуваат особено ниска вклученост (ниско ниво на активизам) во различните аспекти и случувања на студентското организирање - од максиумот 7 поени испитаните студенти покажуваа просечен резултат од 0,77, што е исклучително низок резултат, и испитаните студенти покажуваат средна вредност (средно ниво) на задоволство со различните аспекти и случувања на студентското организирање - од резултат кој би можел да се движи од 4 до 20 поени, испитаните студенти покажуваа просечен резултат од 10,42, што е речиси точно на средината. Значи, и покрај тоа што студентите на УКИМ не се информирани, ниту, пак, вклучени во активностите на студентската организација, сепак покажуваат умерено задоволство со истите тие аспекти и случувања.

Следи графички приказ на распоредот на резултатите долж опсегот на сите три супскали.




*Слика 4. Дистрибуција на резултати на Когнитивната компонента*




*Слика 5. Дистрибуција на резултати на Бихејвиоралната компонента*




***Слика 6**. Дистрибуција на резултати на Афективната компонента*

Податоците покажуваат нееднаква дистрибуција на резултатите на когнитивната супскала, а особено нееднаквата дистрибуција на бихејвиоралната супскала. Тоа значи дека мнозинството од испитаниците имаат ниски резултати блиску до нула на двете претставени потскали. Испитаните студенти ниту се информирани за различните активности организирани од студентската организација, а уште помалку се вклучени во тие активности и донесување одлуки. Само афективната компонента донекаде има резултати кои се движат кон теоретската аритметичка средина, што би значело дека имаат до некаде неутрален (ниту особено позитивен, ниту особено негативен) став кон студентската организација.

Релацијата на трите составни компоненти на ставот на студентите за студентската организација претставена со коефициенти на корелација помеѓу трите супскали е претставена во табелата што следи.

***Табела 4**. Корелации помеѓу трите компоненти на ставот кон студентското организирање*

| | **Когнитивна компонента (супскала)** | **Бихејвиорална компонента (супскала)** | **Афективна компонента (супскала)** |
|---|---|---|---|
| **Когнитивна компонента (супскала)** | 1 | .628** | .385** |
| **Бихејвиорална компонента (супскала)** | .628** | 1 | .178** |
| **Афективна компонента (супскала)** | .385** | .178** | 1 |

**Корелацијата е значајна на ниво 0.01

Коефициентите на корелација зборуваат за статистички значајна корелација помеѓу сите три компоненти. Со висок резултат на когнитивната компонента оди висок резултат на бихејвиоралната (конативна) компонента, како што оди и висок резултат на афективната компонента. Овие податоци зборуваат за тоа дека студентите кои имаат повеќе информации за студентската организација (тие што се поинформирани за сите аспекти на студентското организирање), тие студенти се и поактивни во организацијата, значи земаат поголемо учество во повеќе активности организирани од страна на студентската организација, како што имаат и попозитивен став кон различните аспекти на студентското организирање.

### *Морална мотивација: улогата на саморегулацијата во моралноста*

Суштинска дистинкција во мотивацијата е дистинкцијата помеѓу двете тенденции: тенденција на приближување и тенденцијата на избегнување; во мотивацијата на пристапување/приближување, однесувањето е насочувано од позитивен или пожелен настан или исход, додека во мотивацијата за избегнување, однесувањето е насочувано од негативен или несакан настан или исход. Позитивен исход во доменот на моралноста се оние морални однесувања кои една индивидуа би требало да ги прави, кои се социјално пожелни, додека негативните исходи се неморални однесувања кои индивидуата не би требало да ги прави и се социјално непожелни. Клучот на саморегулацијата е во активација на позитивните, морални однесувања - да се прави она што е морално, наспроти инхибицијата на негативните, неморалните однесувања - да не се прави она што е неморално. Ако индивидуата има саморегулација, тогаш таа ќе биде мотивирана да се однесува морално, а ќе избегнува да се однесува неморално.

Следната дистинкција во мотивацијата е дистинкцијата помеѓу себе и другите, поточно личната и социјалната одговорност. Индивидуите кои го имаат воспириемано концептот на одговорност, ќе умеат да сфатат кое однесување значи лична одговорност, а кое однесување - социјална одговорност.

Со комбинирање на овие два концепта: концептот на саморегулација и концептот на одговорност се доаѓа до 2 x 2 моделот на морална мотивација, кој се состои од 4 ќелии кои се насловени како: Самоограничување/воздржаност, Самоувереност/самодоверба, Социјален ред и Социјална правда. Иако сите овие четири мотиви се присутни во одреден степен во моралниот систем на секоја индивидуа, единствената социјализациска историја и животното искуство креирале поголем фокус на еден или повеќе мотиви кај секоја една индивидуа.

<table>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Лична одговорност</td><td colspan="2">ОДГОВОРНОСТ</td></tr>
<tr><td>Социјална одговорност</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">САМОРЕГУЛАЦИЈА</td><td>Тенденција за избегнување</td><td>Самоограничување/ воздржаност</td><td>Социјален ред</td></tr>
<tr><td>Тенденција за приближување/ пристапување</td><td>Самоувереност/ самодоверба</td><td>Социјална правда</td></tr>
</table>

***Слика 7.*** *Модел 2 x 2 на морална мотивација*

Самоограничувањето и самоувереноста ги рефлектираат разликите помеѓу саморегулирачките ориентации на активација и инхибицијата во доменот на личната одговорност, додека социјалниот ред и социјалната правда ги претставуваат овие регулаторни ориентации во сферата на општествената одговорност.

Мотивот за самоограничување најдобро може да се сфати во смисла на општа самозаштита, а особено самоконтрола и воздржаност на лицето на заканувачки искушенија. Ова е царството на поголемиот дел од нашите популарни "седум смртни гревови", зашто тоа е лична контрола пред овие непожелни однесувања за кои се верува дека го заштитуваат поединецот. Во рамките на овој морален домен, фокусот е на негативните резултати и соодветен одговор е ограничување и инхибиција на непожелните однесувања; личното уживање и слабост треба да се избегнуваат преку силата на карактерот. Накратко, поединецот, доколу го има восприемано концептот на саморегулација, ќе ги избегнува сите оние неморални и непожелни однесувања и искушенија, иако тоа се само однесувања кои можат да му наштетат само нему лично.

Потпирањето на себеси (самоувереност) е во суштина прашање на обезбедување на себе; фокусот е на сопствениот напредок и постигнување позитивни резултати и вклучува подготвеност сè да зависи исклучиво од себе си, како и чувство на „лична индустрија". Овој домен ги одразува верувањата во личната автономија и е најблиску до паролата „со напорно работење до напредување". Накратко, поединецот, доколу го има восприемено концептот на саморегулација, ќе има тенденција да го прави сето она што е пожелно и добро за негов личен раст и развој.

И самоограничувањето и самоувереноста содржат форми на дисциплина; ниту една не вклучува „лабава" ориентација кон себе. Овие однесувања се засноваат на морален квалитет, што значи дека поединецот нема да ги оптоварува и непотребно да ги искористува другите; сепак, важно е да се нагласи дека самоограничувањата се фокусирани на она што не треба да го

прави поединецот и на инхибиторното однесување, додека самоуверeноста (потпирањето на себеси) се фокусира на она што треба да го направи поединецот и да се активира однесувањето. Самоограничувањето на поединецот се фокусира на избегнување на сето она што може да му наштети, а самоуверeноста се фокусира на активација и пристапување кон она што може да му направи добро на самиот поединец.

Во доменот на општествената одговорност, мотивот за социјален ред вклучува примена на мотиви за воздржување кон другите луѓе, особено кон една поголема заедница. Со оглед на тоа дека фокусот е на спречување и избегнување на опасности во моралната сфера, оваа ориентација кон социјална одговорност заснована на заштита вклучува желба да се ограничи и да се контролира однесувањето на другите во обид да се максимизира чувството на сигурност преку хомогеност и усогласеност. Приврзаноста кон негативните резултати создава потреба од експлицитни граници за тоа што е добро, а што лошо и погрешно, и за знаењето што не е дозволено или прифатливо за да може да се избегне и да се спречат опасните последици. До извесен степен, практично сите членови на една заедница се повикуваат на социјален ред, бидејќи постојат општествени правила што се очекува сите да ги следат (на пример, кривичното право). Едноставно кажано, доколку поединецот го има усвоено концептот на одговорност, ќе ги ибегнува сите однесувања кои би значеле повреда на правата на другите.

Со оглед на тоа што овој мотив за заштита ги адресира безбедносните потреби, тој обично реагира на закани по безбедноста на групата; со тоа регулаторната стратегија вклучува задржување и контрола на групата како средство за избегнување на штета или опасност. Лицата со мотив за социјален ред не очекуваат да бидат наградени за своето морално однесување, како што се социјалниот конформизам и придржување кон моралните прописи, но затоа очекуваат да бидат казнети за отстапување или непочитување. Не е изненадувачки дека мотивот за социјален ред е поврзан со високи оценки за десничарскиот авторитаризам (Altmeyer, 1981) и социјална доминација (Pratto, Sidanius, Stallworth, & Malle, 1994) и со политички конзервативизам (Janoff-Bulman, 2009).

Мотивот за социјална правда вклучува многу различни видови на обврски кон заедницата кои вклучуваат мотивација да се обезбеди потребното за другите и да им се помогне на другите во заедницата, а е поврзан со напорите за осигурување поголема економска и материјална поддршка, и често ги вклучува активностите за обезбедување можности, приходи и еднаквост.

Моралното однесување од гледна точка на социјална правда е еквивалентно на тоа што придонесува за социјалната благосостојба на другите, и поединците очекуваат да бидат наградени за добро однесување, но не очекуваат да бидат казнети за отсуство на ова однесување. За разлика од мотивот за социјален ред, кај социјалната правда има поврзување со политичкиот либерализам и ниските оценки за десничарскиот авторитаризам и

социјална доминација (Janoff-Bulman & Sheikh, 2006; Janoff-Bulman, 2009). И двете вклучуваат верувања во општествената одговорност; сепак, социјалниот ред е фокусиран првенствено на она што не треба да го правиме и на инхибиторното однесување, за да одржиме морална, хиерархиска заедница, додека социјалната правда главно се фокусира на она што треба да го направиме и активностите за активирање во промовирањето на морално, правично општество. Токму овој мотив за социјална правда беше предмет на анализа во ова истражување, бидејќи очекувано е дека овој мотив за активирање на однесување што значи обезбедување социјална правда треба да биде поврзан со активизмот на студентите или, поточно, ставот на студентите за нивната студентска организација.

### *Мотивот за социјална правда на студентите на УКИМ*

Во делот за методологијата на истражувањето беше споменато дека во ова истражување беше користена супскалата за Социјална правда како дел од скалата за Морална мотивација. Скалата за Морална мотивација е скала од 24 тврдења која вклучува елементи кои го претставуваат секој од четирите видови на морални мотиви: Самоограничување, Самоувереност, Социјален ред и Социјална правда. Секое тврдење се состои всушност од сценарио во кое главната личност одлучува дали да се вклучи во одредено однесување. Од учесниците се бара да направат два вида на бодување: прво, тие го оценуваат степенот до кој сметаат дека однесувањето на главниот лик во сценариото е предмет на личен избор, од 1 («воопшто не е предмет на личен избор») до 9 («целосно е предмет на личен избор»). Второ, учесниците оценуваат во која мера сметаа дека главниот лик треба или не треба да го направи однесувањето на главниот лик, и тоа од 1 («во целост сметам дека не треба») до 9 («во целост сметам дека треба»), каде бројот 5 е средината («неутралната точка»). Овие две скали се нарекуваат супскала на Морална преференција (првата) и супскала на Морална евалуација (втората). Бидејќи се предвидува дека мотивот за социјална правда е она што е во врска со активизмот на студентите, од скалата за Морална мотивација се издвоени само оние 6 сценарија кои испитуваат што треба поединецот да направи за да го активира однесувањето што значи промовирање на морално и правично општество.[28]

---

[28] Пример за сценариото и двете супскали (Морална преференција и евалуација):

Кристина е во супермаркетот кога здогледува една постара жена које не може да ги носи своите намирници. Иако брза и знае дека може да ја игнорира, има намера да ѝ помогне.

*Прво прашање:*

До кој степен сметате дека помагањето на постарата жена е предмет на нејзин личен избор?

ВООПШТО НЕ Е предмет на личен избор/ВО ЦЕЛОСТ Е предмет на личен избор

↓↓

*Табела 5*. *Дескриптивна анализа на супскалите: Морална преференција и Морална евалуација*

| | Минимум | Максимум | Аритметичка средина | Стандардна девијација |
|---|---|---|---|---|
| ***Морална преференција*** **(степенот до кој одредено однесување се смета за предмет на личен избор)** | 6 | 54 | 46.16 | 8.680 |
| ***Морална евалуација*** **(степенот до кој одредено однесување треба или не треба да се направи)** | 6 | 54 | 38.58 | 7.699 |

Како што може да се види од табелата бр. 5, теоретскиот и добиениот опсег на скалата која го претставува прввиот тип на бодување (супскалата на Морална преференција) е од 0 до 54, а аритметичката средина М е 46,16; теоретскиот и добиениот опсег на вториот тип на оценка (Морална евалуација) е од 6 до 54, а аритметичката средина е 38,58. Во однос на теоретската аритметичка средина (М= 30), може да се види дека на двете супскали испитаниците се над тој резултат (над 30), а резултатот на првата супскала (за степенот до кој лицето го гледа сценариото како предмет на личен избор) е поекстремен.

Кронбах алфа - коефициентот за првата супскала на Морална преференција изнесуваше 0,85 (Cronbach Alpha = 0,846), а за втората супскала изнесуваше 0,70 (Cronbach coefficient= 0,701).

1 2 3 4 5 6 7 8 9

*Второ прашање:*

До кој степен сметате дека Кристина треба или не треба да ѝ помогне на постарата жена?

во целост сметам дека НЕ ТРЕБА неутрален/на во целост сметам дека ТРЕБА

↓↓↓

1 2 3 4 5 6 7 8 9

Следи графичката презентација на теоретскиот модел на координатниот систем за мотивот за Социјална правда.




***Слика 8.*** *Графичка презентација на мотивот за социјална правда*

Бидејќи испитаниците прво го оценуваат степенот до кој сметаат дека однесувањето во сценариото е предмет на личен избор (од «воопшто не е предмет на личен избор» до «целосно е предмет на личен избор»), хоризонталната оска ги дели испитаниците на оние од левата страна (горе и долу) кои ја разбираат општествената одговорност и оние од десната страна на координатниот систем (горе и долу) кои не ја разбираат општествената одговорност. Понатаму  испитаниците го оценуваа степенот до кој тие веруваат дека субјектот во сценариото треба или не треба да го направи однесувањето (од "во целост сметам дека не треба» до «во целост сметам дека треба"), па вертикалната оска ги дели испитаниците на оние кои се под оската (лево и десно) и кои немаат тенденција да го прават она што е добро и социјално пожелно, а оние кои се над оската (лево и десно) - кои имаат тенденција да го прават она што е добро и социјално пожелно.

И според овој координатен систем, пожелната морална мотивација е поставена на левата горна страна, која ги презентира луѓето кои имаат тенденција да го прават она што е добро и општествено пожелно, но го разбираат и концептот на општествена одговорност (тие знаат дека нивното однесување влијае и на некој друг освен на нив самите). Но, каде се наоѓаат студентите на УКИМ на овој координатен систем?




*Слика 9*. *Дистрибуција на резултатите на супскалата на Социјална правда*

Како што може да се види од овој графикон, испитаниците се групирани во десната горна страна, што е место за оние кои имаат тенденција да го прават она што е добро и општествено пожелно, но сепак не го разбираат концептот на општествена одговорност и мислат дека правењето работи како давање во добротворни цели или помош на старата дама во супермаркет е прашање (предмет) на личен избор.




***Слика 10.*** *Фреквенции и проценти на испитаници во координатниот систем за мотивот на Социјална правда*

Графикот број 7 повторно го покажува фактот дека поголемиот дел од студентите - учесници во истражувањето се во горниот десен агол. Но, од овој графикон може да се види уште еден важен факт, а тоа е дека повеќе од четвртина од студентите се во неутрална зона, зоната во средината на координатниот систем, или поточно зоната блиску до апцисата и координатата кои ги покажуваат средишните резултати, зона без екстремни преференции и ставови.

Завршната анализа покажа дека не постои значајна корелација помеѓу ставот на студентите кон нивната организација (поконкретно когнитивната, бихејвиоралната и афективната компонента/скала од тој став) и скалата за Социјална одговорност (поточно супскалите на Морална преференција и Морална евалуација), што значи дека овие две променливи не се во каков било однос. И, очекувано, постоеше задржување на нулта хипотеза за овие две варијабли.

* * *

Податоците ги покажуваат следните главни наоди: студентите на УКИМ на скалата на мотивација за Социјална правда покажуваат дека иако имаат тенденција да се однесуваат на општествено посакуван и морален начин, тие сè уште не го имаат усвоено концептот на Социјална правда и не сфаќаат дека одредено општествено пожелно однесување не се однесува само на нив, поточно не е само предмет на нивен личен избор; Студентите на УКИМ имаат рудиментиран и неразвиен став кон ваква важна тема како што е студентската организација со сите нејзини делови и активности и аспекти. Бихејвиоралната компонента на ставот е најмалку развиена, а со тоа и когнитивната компонента; Постои статистички значајна корелација помеѓу сите три компонентни на ставот за студентското организирање, па со поголема информираност за Студентскиот парламент обично оди и поголема активност и учество во студентската организација, како и поголемо задоволство на испитаниците; Не постои поврзаност помеѓу мотивот за Социјална правда и студентскиот активизам, или воопшто став на студентите кон нивната организација.

# *Заклучоци*

## I <u>Перцепција на студентите за нивното организирање и претставување</u>

Многубројните истражувања потврдија дека граѓанскиот активизам е важен за благосостојбата на поединецот и заедницата, дека социополитичките ставови се во релација со граѓанската вклученост, а граѓанската вклученост, пак, ја овозможува одржливоста на демократското општество и промовира позитивни резултати за оние кои учествуваат. Оттука, јасен е мотивот зошто во фокусот на истражувачкиот интерес беше социјалниот став на студентите кон студентското организирање, како и релацијата на одредени личносни димензии и моралната мотивација со тој социјален став.

Како и секој социјален став, така и социјалниот став на студентите кон студентското организирање се состои од 3 компоненти: когнитивна (знаење, информираност за студентската организација), бихејвиорална (вклученост и активност во процесите и активностите на студентската организација) и афективна (емоционален однос кон истата).

Податоците покажаа дека студентите при УКИМ имаат ниска информираност (ниско ниво на знаење) за различните аспекти и случувања на студентското организирање; испитаните студенти покажуваат особено ниска вклученост (ниско ниво на активизам) во различните аспекти и случувања на студентското организирање; и испитаните студенти покажуваат средно ниво на задоволство со различните аспекти и случувања на студентското организирање. Значи, и покрај тоа што студентите на УКИМ се малку информирани и речиси воопшто не се вклучени во активностите на студентската организација, сепак покажуваат умерено задоволство со истите тие аспекти и случувања.

Коефициентите на корелација зборуваат за статистички значајна корелација помеѓу сите три компоненти. Со висок резултат на когнитивната компонета оди висок резултат на бихејвиоралната (конативна) компонета, како што оди и висок резултат на афективната компонента. Овие податоци зборуваат за тоа дека студентите кои имаат повеќе информации за студентската организација (тие што се поинформирани за сите аспекти на студентското организирање), тие студенти се и поактивни во организацијата, значи земаат поголемо учество во повеќе активности организирани од страна на студентската организација, како што имаат и попозитивен став кон различните аспекти на студентското организирање.

Следи детален приказ на трите компонети на ставот на студентите кон студентската организација.

## *Когнитивна компонента*

*Запознаеност со можностите за студентско организирање*

Пред сè, студентите се многу слабо запознаени како со работата на Студентскиот парламент на УКИМ (СПУКИМ), така и со работата на СП при нивниот факултет (СПФ). Само од овие две прашања е очигледно дека работата на претставничката организација на студентите при УКИМ е прилично невидлива токму за студентите.

Што се однесува, пак, до запознаеноста на студентите со основните документи кои ги регулираат нивните права и обврски, како Законот за високо образование (ЗВО) и статутите и правилниците на студентските организации, константни речиси 75% од респондентите не се запознаени со Статутот на СПУКИМ или СПФ и правилниците за работа на овие организации, а нешто помал процент, речиси 44% од анкетираните студенти не се запознаени со ЗВО. Зголемениот интерес и познавање на ЗВО наспроти непознавањето на актите кои ја одредуваат и дефинираат работата на претставничките организации може да се толкува како послаб интерес токму за организациите, наспроти потенцираниот интерес за законската регулатива која го детерминира статусот, правата и обврските на студентите.

Додека сè уште станува збор за когнитивната компонента, треба да се спомене огромниот процент на незнаење за постоењето на одделни комисии, органи на СПФ и СПУКИМ. Само малку подобро е знаењето за постоење на вакви органи на ниво на СПФ - 11%, а во однос на СПУКИМ само 5%. Значи 89% не знаат ништо за вакви комисии и тела на локалната, а дури 95% не знаат за вакви тела при главната студентска организација на Универзитетот.

Се појавува и подобра запознаеност и информираност на локалната организација при факултетите (СПФ) отколку онаа на СПУКИМ, што остава можност за констатирање на извесна присутност и видливост на студентските организации, барем на непосредно факултетско ниво. Иако е голем бројот (речиси 81%) на оние до кои не допрел никаков извештај за тековно или финансиско работење на СПФ, сепак барем 18% изјавиле дека добиваат такви информации. Уште поголема нетранспарентност се воочува од податокот дека дури речиси 94% од анкетираните студенти не добиваат никакви информации од СПУКИМ во вид на тековно или финансиско работење, а само 5% изјавиле „да“ како одговор на ова прашање.

Во однос на познавањето на нивните претставници на ниво на факултет и универзитет, околу 30% од испитаниците одговориле дека ги познаваат истите. Своите претставници повеќе ги познаваат студентите од втора и трета година за разлика од останатите студенти. Она што исто така може да се заклучи за овој сет на прашања е тоа дека од 27% до 35% од студентите кои гласале не ги познаваат претставниците на студентите кои биле изгласани на конкретните избори за кои излегле на гласање.

Според податоците од истражувањето, само 10% од студентите го познаваат студентскиот правобранител.

## *Информирање на студентите за работата на студентските организации*

Неколку прашања настојуваат да ја доловат сликата за каналите на информирање и степенот на информираност кај студентите за работата на СПУКИМ. Многу малку испитаници изјавиле дека се информираат по разни канали, и тоа од речиси 6% до речиси 37%, зависно од каналот, додека најголемиот број на студенти или не е информиран (од 28,4% до 42,5% зависно од каналот), па дури не ни знае дека постојат овие канали на комуникација (од 27,2% до 40,8% за различни канали). Во сооднос со овие проценти на слаба информираност е и увереноста на некои од респондентите (од 2,5% до 9,6% за различни канали) дека вакви канали воопшто и не постојат.

Најкористена е веб-страницата на СПУКИМ која ја користат 36,8% од испитаниците за информирање за неговата работа.

Како и за повеќето прашања поврзани со вака јасно изразените негативни и слаби страни на работењето на СПУКИМ, може да се констатира дека има голема незаинтересираност од една страна, но и очигледна незаинтересираност од страна на СПУКИМ за пособдветно комуницирање со своето членство и воопшто за секој аспект од нивното работење. На јавни трибини за работата на СПУКИМ се информирале 15,2% од анкетираните студенти, а преостанатите: 42,5% не се информирале преку овој начин, 30% ниту знаат дали постои нешто такво, а 4,3% се убедени дека такво нешто не постои. За постоењето на студентското радио и студентскиот весник 9,6% односно 8,1 се убедени дека не ни постојат, 40,8% и 38,6% не знаат дали постојат, 36,9% и 40,8% не ги користат односно слушаат или читаат, додека 6,7% слушаат, а 5,8% читаат.

На оваа лоша состојба со користењето на расположливите комуникациски канали се надоврзуваат наодите дека само 5,8% од анкетираните студенти изјавиле дека веќе се добро информирани за работата на студентските претставници. Дури 79,7% изјавиле дека би сакале да се подобро информирани, а 13,3% дека воопшто не ги интересира вакво нешто (подобра информираност). Недвосмисленото изразување на незадоволство од начинот и квалитетот на информациите кои ги добиваат студентите упатуваат на сериозен проблем за општото функционирање на СПУКИМ.

## *Бихејвиорална компонента*

### *Вклученост во студентските организации*

Во однос на вклучувањето на студентите во работата на студентската организација, очекувано се добија сосема негативни резултати. Само 10,3% од анкетираните студенти изјавиле дека некогаш биле вклучени во некои од активностите организирани од СПФ или СПУКИМ, додека 47,2% слушнале

за некои активности, ама не биле вклучени во нив. Преостанатите 41,3% никогаш дури не слушнале за некои вакви активности.

Во работата на СПФ учествуваат само 3%, а во работата на кое било тело на СПУКИМ само 1%.

Во однос на групата прашања кои се однесуваат на гласањето на студентските избори, генералниот впечаток е дека многу мал број од студентите учествувале во изборот на свои претставници, а како главна причина за негласањето се издвојува нивната неинформираност за процесот. Само по себе овие сознанија можат да укажуваат и на нетранспарентност на самиот процес.

Повеќе од 60% од студентите сметаат дека излезноста на студентските избори треба да биде над 50% за да се сметаат избраните претставници за легитимни.

Според одговорите на прашањата кои имаа цел да покажат колку студентите се активни, односно се запознаени со иницијативи кои директно ги тангираат, 32% од студентите знаат или лично им се обратиле на претставниците на СПФ и СПУКИМ за некој проблем или прашање од нивен интерес, а за ваков тип на иницијативи покренати од страна на СПФ и СПУКИМ знаат само 13% од респондентите. Како што може да се види од одговорите на овие две прашања, најголема активност од студентите кон нивните претставници (преку покренување прашања или проблеми) се гледа кај студентите од ФИНКИ, Медицинскиот, Стоматолошкиот и Земјоделскиот факултет, но и поголема активност на Студентскиот парламент на факултетот и СПУКИМ се бележи на истите факултети.

### *Афективна компонента*

#### *Задоволство од работата на студентските организации*

Одговорите на директното и недвосмислено прашање за тоа колку се задоволни од работата на СПФ се со умерена доза на задоволство од севкупната анкетирана популација. Само 4,8% од испитаниците се потполно задоволни со работата на СПФ, 13,8% се задоволни, додека најголемата група е на оние кои се делумно задоволни/незадоволни - со дури 37,5%. Голем е процентот на незадоволни студенти со работата на СПФ, и тоа 35,6%, при што 23,3% не се задоволни, а воопшто незадоволни се 1,3% од респондентите. Оние кои не дале никаков одговор на ова прашање се 56 вкупно или 8,4%, што е процент кој вреди да се спомене. Малку послабо е задоволството од работењето на СПУКИМ кое е изразено со позитива кај 15,7% од испитаниците, од кои само 2,5% се потполно задоволни, а 13,2% се задоволни. Повторно е најголема онаа неутрална категорија на делумно задоволни/незадоволни - 37,5% од испитаниците, а незадоволството е изразено од

38,8% од анкетираните, и тоа 22,4% се незадоволни и 16,4% воопшто не се задоволни (Табела 2). Исто како и на претходното прашање, 53 респонденти го прескокнале ова прашање, или во проценти не така занемарливи 7,9%.

Вака јасно изразеното слабо задоволство, односно незадоволство од работата на СПФ и СПУКИМ е дотолку појасен сигнал дека нешто навистина не е во ред со начинот на работење и функционирање на студентските организации при УКИМ.

Според податоците од истражувањето, само 12% се задоволни од работата на студентскиот правобранител.

* * *

Неинформираноста, неактивноста и незадоволството јасно преовладуваат кај испитаните студенти опфатени со ова истражување. Недвојбено се истакнува потребата за некакви поголеми и покрупни промени во начинот на функционирањето и информирањето на студентите за работата на нивните претставнички тела.

Студентите на УКИМ имаат рудиментиран и неразвиен став кон ваква важна тема како што е студентската организација со сите нејзини делови и активности и аспекти. Бихејвиоралната компонента на ставот е најмалку развиена, а со тоа и когнитивната компонента; Постои статистички значајна корелација помеѓу сите три компоненти на ставот за студентското организирање, па со поголема информираност за Студентскиот парламент обично оди и поголема активност и учество во студентската организација, како и поголемо задоволство на испитаниците.

Од добиените податоци може да се извлече генерален заклучок дека во актуелниот момент најголем број од студентите мислат дека немаат влијание во процесите на одлучување на факултетите и на Универзитетот, и не мислат дека постоечката студентска организација има значајно влијание во овие процеси.

Најголемо влијание врз ваквиот став на студентите има тоа што тие не ја препознаваат студентската организација како своја, не ја перципираат студентската организација како репрезент на нивните потреби и интереси и имаат многу поголема доверба во неформалното делување, отколку во делувањето преку постоечките студентски организациони форми.

Отсуството на поголем ангажман во студентската организација го поврзуваат со незаинтересираноста, но и со отсуството на видливи резултати од делувањето на оваа организација и незнаењето за нејзиното постоење и можностите за делување.

Студентите не се рамнодушни кон процесите на одлучување и нивното влијание во овие процеси и имаат изграден став за промените кои би требало да бидат направени со цел зголемување на влијанието коешто го имаат. Студентите мислат дека треба да бидат направени промени во студентското

организирање и овие промени ги гледаат пред сè како промена на начинот на организирање на студентите и изборот на претставниците на студентите.

Како најприоритетни области од академскиот живот во кои студентите треба да бидат вклучени во процесите на одлучување, студентите ги издвојуваат: изведувањето на наставата, условите за студирање и изведувањето на испитите. Овој податок треба да се има предвид при идните можни промени на процедурите и надлежноста на студентското организирање.

Студентите не се решаваат да учествуваат во работата на студентската организација или да се обидат директно да влијаат врз одлучувањето пред сè поради незаинтересираност, поради незнаење за можностите за учество и поради отсуство на резултати (49,6% од студентите го перципираат ова како пречка).

Пасивниот однос на студентите во однос на процесите на одлучување на факултетите и на Универзитетот е дел од генерално пасивниот однос на студентите кон различните форми на студентски активизам. Меѓутоа, оваа пасивност не се однесува на неформалното здружување и делување. Зголемувањето на влијанието врз процесите на одлучување, студентите го поврзуваат и со можноста за делување надвор од институционалната рамка на студентското организирање и можноста за директно влијание преку петиции, иницијативи и јавно искажано мислење.

## II Психолошко-социјални карактеристики, морална мотивација и ставови на студентите при УКИМ за нивното организирање и претставување

### *Личносни карактеристики на студентите на УКИМ*

Со оглед на досегашните истражувања кои последователно докажуваат дека одредени личносни димензии се поврзани со одредени политички ставови, демократски капацитет и граѓански активизам, во истражувањето беше важно да се види колку се развиени две димензии на личноста кај студентите, кои претпоставено се поврзани со нивниот активизам во некоја општествена активност каква што е студентската организација. Имено, за целите на ова истражување беа употребени две скали кои мерат две димензии на личноста: Совесност и Соработливост од верзијата на ИПИП НЕО - тестот на личност кој содржи 50 “ајтеми” и кој претставува кратка мерка на Големите Пет димензии на личност (Екстровертност, Соработливост, Совесност, Невротицизам и Отвореност). Соработливоста е димензија на интерперсонални релации. Вклучува доверба, сочувство, потреба да им се помогне на другите наспроти цинизам, себичност и антагонизам. Потесни аспекти се доверба, искреност, алтруизам, скромност. Совесноста

претставува способност на самоконтрола како дисциплинирана насоченост за реализација на поставените цели, како и придржување до сопствените принципи. Се манифестира преку процесите на планирање, организација, извршување на должност и обврски.

Податоците покажаа дека аритметички средини на двете скали (кои ги мерат двете димензии) се наоѓаат над 50-тиот перцентил што би упатувало на особена изразеност на обете димензии кај примерокот испитаници - на обете димензии се над просекот: студентите се над просекот скромни, алтруисти, како што се и индивидуи кои покажуваат тенденција да ги извршуваат своите должности и обврски. Наодите од истражувањата покажаа слаба, скоро незначителна поврзаност на овие две димензии на личност со когнитивната, афективната и конативната компонента од ставовите на студентите кон СПУКИМ, а ваквата состојба се должи на особено слабата информираност на студентите за активностите на организацијата на која припаѓаат.

### *Интегрираност на социјалната улога „студент“*

Во ова истражување на студентите им беа поставени две прашања кои соодветствуваат на двете димензии на Лапонс. Едното (значајност на социјалната улога) се однесува на тоа колку за нив се важни студентите, припадници на студентската организација на УКИМ (прашањето гласеше: „Колку Вам лично Ви се значајни студентите од студентската организација при УКИМ?“), а второто (степенот на задоволство од третманот на социјална улога во општеството) се однесуваше за тоа колку се задоволни од начинот на кој државата ги третира студентите, припадници на студентската организација на УКИМ (прашањето во прашалникот гласеше „Колку сметате дека студентите од студентската организација при УКИМ се задоволни со тоа како се третирани од оваа држава?“).

Во однос на степенот на интегрираност на социјалната улога „студент“ може да се каже дека во најголем процент студентите се наоѓаат во зоната во која не им е важна улогата „студент“, но истовремено сметаат дека студентите не се задоволни од третманот на државата. Треба да се обрне внимание и на онаа група студенти кои се наоѓаат во зоната каде постои незадоволство од третманот на државата, а улогата на студент се доживува како значајна. Овие групи на студенти под определени околности можат да бидат активно вклучени во определени движења кои ќе имаат за цел иницирање на промената на односот на државата кон социјалната улога „студент“.

Во однос на поврзаноста на овие две прашања за социјалната улога на студент и димензиите на личност може само да се истакне позитивната поврзаност помеѓу димензијата Соработливост и позитивниот одговор на прашањето за значајноста на студентите од студентската организација при

УКИМ), што упатува на поголемата изразеност на солидарност кај студентите кај кои е поизразена димензијата Соработливост. Не е забележана поврзаност помеѓу димензиите на личност и четирите категории на групираност на улогите според важноста и задоволството од општествениот третман на улогата „студент - припадник на студентската организација“.

### *Мотивот за социјална правда*

Едно од главните истражувачки прашања на ова истражување беше да се види колку е развиен мотивот за социјална правда кај студентите при УКИМ, со оглед на тоа што моралното однесување од гледна точка на социјална правда е еквивалентно на тоа што придонесува за социјалната благосостојба на другите. Студентите пожелно е да имаат развиен мотив за социјална правда првенствено заради три причини: прво, тоа е основата за нивниот активизам во студентската организација (сфатен како граѓански активизам и основа за демократските процеси, чии носители треба да бидат младите генерации); второ, бидејќи тој мотив е поврзан со политичкиот либерализам и ниските оценки за десничарскиот авторитаризам и социјална доминација; и трето, бидејќи тој мотив вклучува верувања во општествената одговорност, а првенствено на она што треба и што е добро и пожелно да се направи, како и активностите за активација во промовирањето на морално, правично општество.

Податоците од истражувањето ги покажуваат следните главни наоди: студентите на УКИМ на скалата на мотивација за социјална правда покажуваат дека студентите иако имаат тенденција да се однесуваат на општествено посакуван и морален начин (значи тежнеат кон морални однесувања кои една индивидуа „би требало“ да ги прави, кои се социјално пожелни), тие сè уште не го имаат усвоено концептот на општествена одговорност и не сфаќаат дека одредено општествено пожелно однесување не се однесува само на нив, поточно не е само предмет на нивен личен избор. Тие едноставно мислат дека е лична одлуката дали ќе преземат активности кои би донеле добро на другите, освен на нив.

Понатаму, податоците од истражувањето покажаа дека не постои поврзаност помеѓу мотивот за Социјална правда и студентскиот активизам кај студентите при УКИМ, а основната причина веројатно е тоа што речиси сите (или барем 90%) студенти имаат рудиментиран и неразвиен став кон студентската организација, особено неговата бихејвиорална (активациска) компонента.

Ако студентите го немаат развиено докрај овој мотив за Социјална правда, или поконкретно концептот за општествена одговорност, тогаш очекувано е тие да немаат порив да бидат вклучени во активности во нивната (студентска) организација чија главна цел (и воопшто цел на постоењето на студентските организации) е заштитата на правата на нивните членови, како и излегување во пресрет на потребите, барањата и интересите на сите студенти. Резултатите од истражувањето го докажаа тоа.

## Литература


Altmeyer, B. (1981). Right-wing authoritarianism. Winnipeg, Canada: University of Manitoba Press.

Armstrong, M. (2011).Modeling the Relationship between a Social Responsibility Attitude and Youth Activism.”Dissertation, Georgia State University. https://scholarworks.gsu.edu/psych_diss/85.

Chaiklin H. (2011). Attitudes, Behavior, and Social Practice. Journal of Sociology and Social Welfare.

Dockery, T., & Bedeian, A. (1989). Attitudes versus actions: Lapiere’s (1934) classic study revisited. *Social Behavior and Personality: An international journal*, *17*, 9-16.

DOI: https://doi.org/10.2224/sbp.1989.17.1.9.

Donnellan, M. B., Oswald, F. L., Baird, B. M., & Lucas, R. E. (2006). The Mini-IPIP Scales: Tiny-yet-effective measures of the Big Five Factors of Personality. *Psychological Assessment, 18*(2), 192-203.http://dx.doi.org/10.1037/1040-3590.18.2.192

Eagly, A. H., & Chaiken, S. (1993). *The psychology of attitudes*.Harcourt Brace Jovanovich College Publishers.

Elliot, A. (1999). Approach and avoidance motivation and achievement goals. Educational Psychologist, 34, 169-189.

Elliot, A. & Thrash, T. M. (2002). Approach-avoidance motivation in personality: Approach andvoidance temperaments and goals. Journal of Personality and Social Psychology, 82, 802-818.

Emmons, R. E. (1996). Striving and feeling: personal goals and subjective wellbeing. In P. M. Gollwitzer & J. A. Bargh (Eds.), Psychology in action: Linking cognition and motivation to behavior (pp. 313-337). NY: Guilford.

Goldberg, Lewis R. “The development of markers for the Big-Five factor structure.” Psychological assessment 4.1 (1992): 26. <http://dx.doi.org/10.1037/1040-3590.4.1.26>

Gormly, A. & Brodzinski, D. (1990). *Lifespan human development*. Harcourt Brace College Publishers.

Gray, J. A. (1982). The neuropsychology of anxiety: An inquiry into the functions of the septo-hippocampal system. NY: Oxford University Press.

Gray, J. A. (1990). Brain systems that mediate both emotion and cognition. Cognition and Emotion, 4, 269-288.

Hogg, M., & Vaughan, G. (2005).*Social Psychology (4th edition)*. London: Prentice-Hall.

Hope, E. C. and Jagers, R. J. (2014), The Role of Sociopolitical Attitudes and Civic Education in the Civic Engagement of Black Youth. J Res Adolesc, 24: 460–470. doi:10.1111/jora.12117

Impett, E.A., Gable, S. L., & Peplau, L. A. Giving up and giving in: The costs and benefits of daily sacrifice in intimate relationships. Journal of Personality and Social Psychology, 89, 327-344.

Janoff-Bulman, R., & Sheikh, S. (2006). From national trauma to moralizing nation. Basicand Applied Social Psychology, Special Issue: "In the Era of 9/11: Social Psychology and Security."

Janoff-Bulman, R. (2009), To Provide or Protect: Motivational Bases of Political Liberalism and Conservatism, 120-128. https://doi.org/10.1080/10478400903028581

Katz, D. (1960). *Public opinion quarterly*, 24, 163 - 204.

LaPiere, R. T. (1934). Attitudes vs. Actions. *Social Forces*, 13, 230-237.

Markovikj, Political Attitude and Personality in a Democratic Society. The Western Balkans Policy Review (2010) Volume 1, Issue 1, Jan/Jun 2010 *Kosovo Public Policy Center,* Prishtina, Kosovo

Markus, H., & Nurius, P. (1986). Possible selves. American Psychologist, 41,954-969.

McCrae, R. R. &Costa, P. T., Jr. (1992).*NEO PI-R professional manual.* Odessa, FL: Psychological Assessment Resources, Inc.

McClelland, D.C., Atkinson, J. W., Clark, R.A., & Lowell, E. L. (1953). The achievement motive. NY: Appleton-Century-Crofts.

Mondak, J.J. & Halperin, (2008). *A Framework for the Study of Personality and*

*Political Behaviour Pol.S.*38, 335–362 http://journals.cambridge.org/action/displayAbstract;jsessionid=673AD5F404C107D7A65D6F6FAB3A15A0.tomcat1?fromPage=online&aid=1701816.

Moore, S. S., Hope, E. C., Eisman, A. B. and Zimmerman, M. A. (2016), Predictors of civic engagement among highly involved young adults: exploring the relationship between agency and systems worldview. J. Community Psychol., 44: 888–903. doi:10.1002/jcop.21815.

Nikolić, M. i dr. (2004).*Mladi zagubljeni u tranzicii*. Beograd: Centar za proučavanje alternative, http://www.scribd.com/doc/7049124/KNJIGA-MLADI-ZAGUBLJENI-U-TRANZICIJI

"Possible Questionnaire Format for Administering the 50-Item Set of IPIP Big-Five Factor Markers". International Personality Item Pool.<http://ipip.ori.org/New_IPIP-50-item-scale.htm.

Pratto, F., Sidanius J., Stallworth, L.M., and Malle, B. F. (1994). Social dominance orientation: A personality variable predicting social and political attitudes. Journal of. Personality and Social Psychology 67, no. 4: 741-763.

Sheikh, S., (2014). "Moral Motivations: The Relationship between Self-Regulation and Morality". *Masters Theses 1911*.http://scholarworks.umass.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1062&context=theses).

Terracciano, A. et all (2005). *National Character Does NotReflect Mean Personality Trait Levels in 49 Cultures*. SCIENCE, 2005 VOL 96 310 http://www.victoria.ac.nz/psyc/staff/ronald-fischer-files/Sciencefull.pdf

*   *   *

Латковиќ, Т.М. и др. (2016). Студија за младите во Република Македонија 2016. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Серафимовска Е., Марковиќ М. (2013). Адаптација на психолошкиот тест на личност НЕО ПИ-3 (NEO PI-3) во Република Македонија (изготвување на културни норми и стандарди). Скопје: Симболико

Талески, Д. и др. (2006). Истражување за очекувањата на младите во Република Македонија. Скопје: Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје

Христова, Л. и др. (2014) Перцепција на идентитетите меѓу студентската популација во Република Македонија (истражувачка студија). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Латковиќ, Т.М. и др. (2013). Студија за младите во Република Македонија 2013. Скопје: Фондација Фридрих Еберт

Цветанова, Г. и др. (2016). Идентитетите на студентската популација во Република Македонија. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

ИНСТИТУТ ЗА
СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО
ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА